Податоците се внесуваа со користење на софтверот CSPro. Податоците се внесуваа во 12 микрокомпјутери од страна на 20 оператори за внес на податоци и 10 супервизори на процесот на внес на податоци. За да се обезбеди контрола на квалитетот, сите прашалници беа внесувани по два пати и се вршеа интерни проверки на конзистентноста. Во текот на работата се користеа процедурите и стандардните програми кои се подготвени во рамки на глобалната MICS4 програма, кои се прилагодени на прашалниците во Македонија. Обработката на податоците започна истовремено со прибирањето на податоците во мај 2011 и беше завршена во август 2011. Податоците беа анализирани со примена на софтверската програма на Статистичкиот пакет за општествени науки (SPSS), верзија 18, а за таа цел се користеа исто така и синтаксичкиот модел и табеларни планови подготвени од страна на UNICEF.

Структура на извештајот

Овој извештај ги содржи наодите од истражувањето MICS4, кое беше спроведено со два примероци. Иако тие може да се толкуваат како две независни истражувања, наодите се заедно претставени во еден извештај за да се олесни споредбата на податоците од двата примероци. Во секое под-поглавје има заеднички вовед и опис на наодите од националниот примерок и ромскиот примерок. За визуелно да се разликуваат наодите од двата примероци, резултатите од истражувањето за ромскиот примерок се прикажани со различна боја.

Како да се читаат табелите

Некои од податоците кои беа собрани со истражувањето не се прикажани на табелите, но се разработени во текстот бидејќи бројот на случаи во распределените категории не беше доволен за да се извлекуваат заклучоци.

Бројот на случаи во категоријата за образование *Нема* во рамки на националниот примерок беше премногу мал за да се известува за нив поодделно. Оттаму, категоријата *Нема* беше припоена со категоријата *Основно* и прикажана како *Основно или јониско* (со исклучок на НН Табелите). Категоријата за образование *Високо* во рамки на ромскиот примерок беше премногу мала за да се известува за неа поодделно. Оттаму, категоријата *Високо* беше припоена кон категоријата *Средно* и прикажана како *Средно+* (освен во НН Табелите).

Напомена:
(R) – Буквата R во називот на табела/графикон означува дека табелата/графиконот се однесува на примерокот од Ромските населби.
(*) – Ѕвезда во табелите означува дека податокот не може да се прикаже затоа што се базира на помалку од 25 непондерирани случаи.
(Број) – Број во заграда означува дека податокот се базира на 25-49 непондерирани случаи и треба да се користи со прептпазливост.

III ОПФАТ НА ПРИМЕРОКОТ ВО МАКЕДОНИЈА И КАРАКТЕРИСТИКИ НА ДОМАЌИНСТВАТА И ИСПИТАНИЦИТЕ

Опфат на примерокот

Од 4703 домаќинства кои беа избрани за примерокот, во 4397 домаќинства беа присутни членовите на домаќинствата во живеалиштата. Од нив, 4018 беа успешно интервјуирани, и притоа стапката на интервјуирани домаќинства изнесува 91 процент. Во интервјуираните домаќинства, 4024 жени (возраст 15-49 години) беа идентификувани како подобни. Од нив, 3831 беа успешно интервјуирани, со стапка на добиени одговори од 95 проценти во рамки на интервјуираните домаќинства. Бројот на деца под 5-годишна возраст кои се наведени во прашалниците за домаќинствата изнесува 1398. Прашалници беа пополнети за 1376 од овие деца, што одговара на стапката на добиени одговори од 98 проценти во рамки на интервјуираните домаќинства. Севкупните стапки на добиени одговори од 87 проценти и 90 проценти се пресметани за интервјуата на жените и децата под 5-годишна возраст соодветно (Табела HH.1).

Табела HH.1: Резултати од интервјуа за домаќинство, жени и деца под 5-годишна возраст

Број на домаќинства, жени и деца под 5-годишна возраст според резултатите од интервјуата на домаќинства, жени и деца под 5-годишна возраст и стапка на одзив во интервјуата за домаќинства, жени и деца под 5-годишна возраст, Македонија, 2011

	Област		Регион								Вкупно
	Урбана	Рурална	Вардарски	Источен	Југозападен	Југоисточен	Пелагониски	Полошки	Североисточен	Скопски	
Домаќинства											
Број на домаќинства во примерокот	2678	2025	358	444	507	369	551	742	408	1324	4703
Населени	2517	1880	348	407	464	362	550	666	372	1228	4397
Интервјуирани	2206	1812	338	370	428	354	550	625	341	1012	4018
Стапка на одзив во домаќинства	87.6	96.4	97.1	90.9	92.2	97.8	100.0	93.8	91.7	82.4	91.4
Жени											
Подобни	1949	2075	263	261	450	314	500	802	362	1072	4024
Интервјуирани	1838	1993	257	254	417	299	490	779	353	982	3831
Стапка на одзив на жени	94.3	96.0	97.7	97.3	92.7	95.2	98.0	97.1	97.5	91.6	95.2
Севкупна стапка на одзив кај жените	82.7	92.6	94.9	88.5	85.5	93.1	98.0	91.2	89.4	75.5	87.0
Деца под 5-годишна возраст											
Подобни	758	640	139	132	137	118	199	220	95	358	1398
Интервјуирани мајки/негуватели	750	626	139	131	131	118	199	216	93	349	1376
Стапка на одзив за деца под 5-год. возраст	98.9	97.8	100.0	99.2	95.6	100.0	100.0	98.2	97.9	97.5	98.4
Севкупна стапка на одзив за деца под 5-год.возраст	86.7	94.3	97.1	90.2	88.2	97.8	100.0	92.1	89.7	80.3	89.9

Постојат разлики во одговорите по регион и области, каде значителни разлики во стапката на одзив на домаќинствата постои помеѓу Пелагонискиот регион (100) проценти и Скопскиот регион (82 проценти), и помеѓу руралните (96 проценти) и урбаните (88 проценти) области. Слични разлики се регистрирани помеѓу регионите и областите кај стапките на одзив за жени и деца под 5-годишна возраст. Резултатите за Скопскиот регион треба да се толкуваат со посебно внимание, бидејќи стапката на одзив на домаќинствата изнесува само 82 проценти.

Во три региони беа утврдени празни домаќинства кои беа заменети во текот на процесот на прибирање податоци. 32 домаќинства беа заменети во Југозападниот регион, 47 домаќинства во Полошкиот регион и 22 домаќинства во Североисточниот регион.

Карактеристики на домаќинствата

Пондерираната распределба според возраста и полот на населението кое е дел од истражувањето с дадена во Табела HH.2. Распределбата е исто така искористена за да се изработи пирамидата за населението која е дадена во Графикон HH.1. Кај 4018 успешно интервјуирани домаќинства во рамки на истражувањето, беа евидентирани 14764 членови на домаќинства. Од нив, 7445 се мажи, и 7319 се жени.

Табела HH.2: Старосна поделба во домаќинството според полот

Поделба на процентот на популацијата на едно домаќинство по возрасни групи од по пет години и зависните возрасни групи и бројот на деца на возраст од 0 до 17 години и возрасна популација (возраст од 18 и повеќе), според пол, Македонија, 2011

	Мажи		Жени		Вкупно	
	Број	Процент	Број	Процент	Број	Процент
Возраст						
0-4	432	5.8	427	5.8	859	5.8
5-9	444	6.0	401	5.5	846	5.7
10-14	449	6.0	407	5.6	856	5.8
15-19	592	7.9	493	6.7	1085	7.3
20-24	534	7.2	524	7.2	1058	7.2
25-29	580	7.8	554	7.6	1134	7.7
30-34	578	7.8	522	7.1	1100	7.5
35-39	524	7.0	503	6.9	1026	7.0
40-44	496	6.7	495	6.8	991	6.7
45-49	529	7.1	468	6.4	996	6.7
50-54	510	6.8	524	7.2	1034	7.0
55-59	500	6.7	536	7.3	1036	7.0
60-64	417	5.6	447	6.1	864	5.9
65-69	312	4.2	313	4.3	625	4.2
70-74	230	3.1	282	3.9	512	3.5
75-79	194	2.6	263	3.6	457	3.1
80-84	76	1.0	94	1.3	170	1.1
85+	44	.6	62	.8	106	.7
Недостасува/НЕ ЗНАЕ	3	.0	4	.1	8	.1
Возрасни групи кои се зависни						
0-14	1326	17.8	1235	16.9	2561	17.3
15-64	5259	70.6	5066	69.2	10326	69.9
65+	857	11.5	1013	13.8	1869	12.7
Недостасува/НЕ ЗНАЕ	3	.0	4	.1	8	.1
Популација на деца и возрасни						
Деца на возраст од 0-17 години	1680	22.6	1524	20.8	3204	21.7
Возрасни на возраст од 18+ години	5762	77.4	5791	79.1	11552	78.2
Недостасува/Непознато	3	.0	4	.1	8	.1
Вкупно	**7445**	**100.0**	**7319**	**100.0**	**14764**	**100.0**

Поделбата по возраст и пол на популацијата во едно домаќинство во MICS4 истражувањето е во согласност со демографските пресметки за популацијата на национално ниво од 2010[7],. За поширок старосни групи, т.е. 0-14 години со 17 проценти жени и 18 проценти мажи; за 15-64 години со 69 проценти жени и 71 проценти мажи и за 65+ години со 14 проценти жени и 12 проценти мажи. Пирамидата во Графиконот HH.1 покажува негативен тренд во растот на популацијата каде соодносот на популацијата на возраст од 0-17 години е 23 проценти за мажи и 21 процент за жени, што е речиси четири пати помалку отколку соодносот кај возрасните лица над 18 години и само два пати поголема од старосната група од 65 години и повеќе.

Графикон HH.1: Старосна распределба на популацијата од домаќинството според полот, Македонија, 2011



Табелите HH.3-HH.5 содржат основни информации за домаќинствата, за женските испитаници на возраст од 15-49 и децата под 5-годишна возраст преку презентирање на непондерирани, како и пондерирани податоци. Информациите за основните карактеристики на домаќинството, жени и деца под 5-годишна возраст кои се интервјуирани во истражувањето, се клучни за толкувањето на наодите кои се претставени подолу во извештајот и исто така може да укажат на репрезентативноста на истражувањето. Останатите табели во овој извештај се претставени само со пондерирани податоци. Види Прилог A1 за повеќе детали околу пондерирањето.

Табелата HH.3 дава основни информации за домаќинствата. Во рамки на домаќинството, Полот на главата на домаќинството, регионот, областа, бројот на членови на домаќинството, образованието на главата на домаќинството и етничката припадност [8] на главата на домаќинството се прикажани во Табелата. Овие основни карактеристики се употребени во следните табели на овој извештај; бројките во графиконите исто така имаат за целда го покажат бројот на опсервации по главните категории, кои се предмет на анализа на овој извештај.

Бројот на испитаници кои се без образование е премал за да тие бидат прикажани како посебна категорија. Оттаму, категориите *Нема образование и Основно образование* се прикажани поодделно само во табелите HH.3, HH.4 и HH.5, додека пак во останатите табели тие ќе бидат споени и означени како *Основно или пониско.*

Табела HH.3: Состав на домаќинство

Процент и распределеност на зачестеност на домаќинствата според избрани карактеристики, Македонија, 2011

	Пондериран процент	Број на домаќинства	
		Пондериран	Непондериран
Пол на главата на домаќинството			
Машки	83.9	3372	3489
Женски	16.1	646	529
Регион			
Вардарски	8.8	352	338
Источен	10.1	405	370
Југозападен	8.4	339	428
Југоисточен	9.1	364	354
Пелагониски	13.9	560	550
Полошки	10.7	429	625
Североисточен	9.4	376	341
Скопски	29.7	1194	1012
Број на членови во домаќинството			
1	9.7	388	279
2	21.6	869	663
3	17.3	695	661
4	23.6	947	939
5	12.4	496	623
6	8.7	348	478
7	3.7	150	200
8	1.5	61	90
9	.9	36	41
10+	.7	28	44
Образование на главата на домаќинството			
Нема образование	2.4	94	103
Основно или пониско	36.7	1474	1606
Средно	41.6	1670	1609
Високо	19.4	778	698
Недостасува/Не се знае	.0	1	2
Етничка припадност на главата на семејството			
Македонска	72.7	2921	2606
Албанска	19.5	784	1071
Друго	7.7	310	340
Недостасува/Не се знае	.1	3	1
Вкупно	**100.0**	**4018**	**4018**

Домаќинства со најмалку			
Едно дете на возраст од 0-4 години	16.9	4018	4018
Едно дете на возраст од 2-9 години	24.3	4018	4018
Едно дете на возраст од 0-17 години	44.4	4018	4018
Една жена на возраст од 15-49 години	63.0	4018	4018
Средна големина на семејството	**3.7**	**4018**	**4018**

7 http://makstat.stat.gov.mk/pxweb2007bazi/temp/01Nas_reg_06_10_PolVoz_mk2012426311420_1p1_1336891.gif

8 Ова беше определено преку прашање за испитаниците за етничката група на која припаѓа главата на домаќинството.

Во Табелата HH.3, збирот на пондерираниот и непондерираниот број на домаќинства е еднаков (4018), бидејќи пробните пондери беа нормализирани (Види прилог А). Табелата, исто така го покажува бројот на семејства кои имаат најмалку едно дете под 18-годишна возраст, најмалку едно дете под 5-годишна возраст и најмалку една подобна жена на возраст од 15-49 години. Табелата, исто така ја покажува пондерираната просечна големина на домаќинството, која е проценета со истражувањето.

Кај 84 проценти од домаќинствата, главата на домаќинството е од машки пол, додека пак од женски пол кај 16 проценти од домаќинствата. Постојат разлики во однос на зачестеноста на распределеноста на домаќинствата по региони, со најголема зачестеност во Скопскиот регион (30 проценти) и најниска (8 проценти) во југоисточниот регион, слично на распределбата на популацијата по региони на крајот на 2010. Средната големина на домаќинството е 3.7, 24 проценти од семејствата се со четири членови, 17 проценти со три членови, 22 проценти со два члена и 12 проценти со пет члена. Домаќинствата со еден член и со шест членови имаат слична зачестеност од 10 проценти и 9 проценти, соодветно. 7 проценти од домаќинствата имаат седум или повеќе членови. Повеќето од главите на домаќинствата се со средно образование (42 проценти) или основно училиште (37 проценти), во споредба со 19 проценти кои имаат високо образование. Повеќето од главите на домаќинствата се Македонци (73 проценти), по што следуваат Албанци (20 проценти), а останатите се од друга етничка припадност. 17 проценти од домаќинствата имаат најмалку едно дете на возраст од 0-4 години, 44.4 проценти со најмалку едно дете на возраст од 0-17 години и 63 проценти со една жена на возраст од 15-49 години.

Карактеристики на женски испитаници на возраст од 15-49 години и деца под 5-годишна возраст

Табелите HH.4 и HH.5 содржат информации за основните карактеристики на женски испитаници на возраст од 15-49 години и деца под 5-годишна возраст. Во двете табели, вкупниот пондериран и непондериран број е еднаков, бидејќи пробните пондери беа нормализирани (стандардизирани). Табелите ги прикажуваат забележаните броеви во секоја од основните категории. Овие категории се применети и во останатите табеларни прикази во овој извештај.

Табела HH.4: Основни карактеристики на жени

Поделба по проценти и зачестеност на жени на возраст од 15-49 години според избрани основни карактеристики, Македонија, 2011

	Пондериран процент	Број на жени	
		Пондериран	Непондериран
Регион			
Вардарски	6.3	243	257
Источен	6.7	258	254
Југозападен	9.2	353	417
Југоисточен	8.3	317	299
Пелагониски	13.4	512	490
Полошки	15.6	597	779
Североисточен	10.0	385	353
Скопски	30.4	1166	982
Област			
Урбана	54.6	2092	1838
Рурална	45.4	1739	1993
Возраст			
15-19	13.8	530	529
20-24	14.1	541	555
25-29	15.0	574	657
30-34	14.8	567	600
35-39	14.2	545	533
40-44	14.5	555	499
45-49	13.5	519	458
Брачен статус/заедница			
Моментално во брак/ во заедница	66.2	2537	2675
Вдовица	1.0	39	38
Разведена	1.4	54	43
Разделени	.6	25	21
Никогаш во брак/во заедница	30.7	1175	1053
Недостасува	.0	0	1
Мајчински статус			
Има родено	63.2	2423	2577
Нема родено	36.8	1408	1254
Раѓања во последните 2 години			
Да	9.4	362	503
Не	90.6	3469	3328
Образование			
Нема	1.2	46	55
Основно	29.4	11271	1312
Средно	43.9	1682	1623
Високо	25.5	976	841
Индекс на богатство			
Најсиромашен	18.1	695	784
Втор	18.9	725	850
Среден	20.4	782	781
Четврт	20.6	791	713
Најбогат	21.9	839	703
Етничко потекло на главата на домаќинството			
Македонско	60.8	2330	2042
Албанско	31.3	1199	1453
Друго	7.9	302	336
Вкупно	**100.0**	**3831**	**3831**

Табелата HH.4 содржи основни карактеристики за жените испитаници на возраст од 15-49 години. Табелата вклучува информации за распределбата на жените според регион, област, возраст, брачен статус, мајчински статус, раѓања во последните две години, образование[9], квинтили на индексот за богатство[10], и етничко потекло на главата на семејството.

Распределбата на жените според регионот варира од 6 проценти во Вардарскиот регион до 30 проценти во Скопскиот регион, и од 55 проценти во урбаните области до 45 проценти во руралните области. Постојат разлики меѓу пондерираните и непондерираните броеви во одредени категории заради преголемиот број на земени примероци или премал број на земени примероци, како што е распределбата според регион во југоисточниот и полошкиот регион, некои старосни групи, брачната состојба, основно образование или помалку, индекс на најсиромашен и најбогат квинтил и етничкото потекло на главата на домаќинството (Македонско и Албанско).

Некои од основните карактеристики на децата под 5-годишна возраст се претставени во Табела HH.5. Тука е вклучена распределбата на децата според неколку карактеристики: пол, регион, област, возраст, образованието на мајката или негователот и богатството.

Табела HH.5: Карактеристики на деца под 5-годишна возраст

Распределба според процент и зачестеност на деца под 5-годишна возраст според избрани карактеристики, Македонија, 2011

	Пондериран процент	Број на деца под 5-годишна возраст	
		Пондериран	непондериран
Пол			
Машки	50.3	692	704
Женски	49.7	684	672
Регион			
Вардарски	7.3	100	139
Источен	8.0	110	131
Југозападен	8.8	121	131
Југоисточен	6.0	83	118
Пелагониски	11.3	156	199
Полошки	18.6	256	216
Североисточен	9.9	136	93
Скопски	30.1	415	349
Област			
Урбана	50.9	701	750
Рурална	49.1	675	626
Возраст			
0-5 месеци	8.3	114	112
6-11 месеци	10.5	144	145
12-23 месеци	20.5	283	265
24-35 месеци	19.9	274	296
36-47 месеци	20.0	276	273
48-59 месеци	20.7	285	285
Образование на мајката*			
Нема	1.5	20	20
Основно	38.1	525	447
Средно	37.9	522	601
Високо	22.5	309	308
Индекс на квинтил на богатство			
Најсиромашен	23.0	316	248
Втор	19.8	272	280
Среден	18.5	255	293
Четврт	18.9	261	267
Најбогат	19.8	272	288
Етничка припадност на главата на домаќинството			
Македонска	51.4	708	846
Албанска	37.8	521	389
Друго	10.7	148	141
Вкупно	**100.0**	**1376**	**1376**

* Образованието на мајката се однесува на образовното ниво на мајките и негувателите на деца под 5-годишна возраст.

9 Освен доколку не е поинаку наведено, "Образование" се однесува на образовното ниво на испитаникот во овој извештај кога се користи како варијабла на основните карактеристики.

10 Анализата на главните компоненти беше направена со користење на информациите за сопственоста на потрошувачките добра, карактеристики на домаќинството, вода и санитарен систем, и други карактеристики кои се поврзани со богатството на домаќинството за да се назначат пондери (резултати за фактори) за средствата на секое домаќинство. За секое домаќинство потоа беа назначени бодови (резултат) за богатство врз основа на овие пондери и средства кои се во сопственост на домаќинството. Популацијата од домаќинствата која е дел од истражувањето потоа беше рангирана според резултатот за богатството на домаќинството во кое живее таа популација, и конечно беше поделено на 5 еднакви делови (квинтили) од најнискиот (најсиромашниот) до највисокиот (најбогатиот). Средствата кои беа користени во овие пресметки се следните: тип на извор на вода и санитарен систем, број на соби кои се користат за спиење, главен материјал за подот, покривот и надворешните ѕидови во живеалиштето; тип на гориво кое се користи за готвење; присуство во домаќинството на електрична енергија, радио, телевизија, плазма/ЛЦД ТВ, фиксен телефон, фрижидер, машина за перење, шпорет, бојлер, еркондишн, машина за садови, микробранова печка, сушара, гарнитура за седење/софа, кревет за спиење, маса за јадење; членови на домаќинството кои поседуваат часовник, мобилен телефон, велосипед, мотоцикл/скутер, запрежна кола со животни, автомобил/камион, моторен чамец, компјутер или лаптоп, приколка или сопственост на сметка во банка од членовите на домаќинството. Индексот на богатство се претпоставува дека го опфаќа основното долгорочно богатство преку информации за средствата на домаќинството, и намерата е со него да се обезбеди рангирање на домаќинството според богатството, од најсиромашно до најбогато. Индексот на богатство не дава информации за апсолутната сиромаштија, моменталниот приход или нивото на трошоци. Пресметаните поени за богатство се применливи само за оваа група на податоци, на кои всушност и се засновани. Повеќе информации за структурата на индексот на богатство може да се најдат во Filmer, D. and Pritchett, L., 2001. "Estimating wealth effects without expenditure data – or tears: An application to educationalal enrolments in states of India". Demography 38(1): 115-132.Gwatkin, D.R., Rutstein, S., Johnson, K. ,Pande, R. and Wagstaff.A., 2000.Socio-EcoHemic Differences in Health, Nutrition, and Population. HNP/Poverty Thematic Group, Washington, DC: World Bank. Rutstein, S.O. and Johnson, K., 2004. The DHS Wealth Index. DHS Comparative Reports He. 6. Calverton, Maryland: ORC Macro.

Распределбата на децата под 5-годишна возраст според регион е слична со распределбата кај жените, и варира од 7 проценти во Вардарскиот регион до 30 проценти во Скопскиот регион. Распределбата според област е слична во урбаните области (51 процент) и руралните области (49 проценти) и речиси еднаква според полот со 50 проценти мажи и 50 проценти жени. Сите старосни групи кои се постари од 12 месеци се еднакво распределени со околу 20 проценти. Постојат разлики помеѓу пондерираните и непондерираните броеви, особено за некои категории заради преголем број на земени примероци или премал број на земени примероци, како што е распределбата по региони во североисточниот и Скопскиот регион, основно образование или пониско, средно образование, индекс на најбогат и најсиромашен квинтил на богатство и етничка припадност на главата на домаќинството (македонско и албанско).

Услови за живеење на децата

Во Табелата HH.6 се прикажани информации за условите за живеење на децата и децата сираци под 18-годишна возраст.

Табела HH.6: Услови за живеење на децата и децата сираци

Распределба според процент и зачестеност на деца под 5-годишна возраст според избрани карактеристики, Македонија, 2011

	Живее со двата родителa	Не живее со родителите				Живее со мајката		Живее со таткото		Не може да се одреди	Вкупно	Не живее со биолошките родители[1]	Еден или двата родителa починати[2]	Број на деца на возраст 0-17 години
		Само таткото е жив	Само мајката е жива	Двајцата се живи	Двајцата се починати	Таткото е жив	Таткото е починат	Мајката е жива	Мајката е почината					
Пол														
Машки	93.6	.1	.0	.6	.1	3.0	.9	1.0	.3	.4	100.0	.8	1.4	1680
Женски	93.8	.1	.1	.4	.0	2.4	1.8	.7	.4	.3	100.0	.6	2.4	1524
Регион														
Вардарски	92.1	.5	.0	1.5	.0	3.8	.6	.2	.6	.7	100.0	2.0	1.7	193
Источен	91.5	.6	.0	.9	.5	3.8	.5	1.6	.4	.1	100.0	2.0	2.1	225
Југозападен	95.5	.0	.0	.1	.0	1.7	.9	.9	.0	.8	100.0	.1	.9	312
Југоисточен	93.8	.0	.0	.8	.0	2.5	2.4	.5	.0	.0	100.0	.8	2.4	262
Пелагониски	94.6	.0	.0	.0	.0	2.1	.8	1.1	.6	.8	100.0	.0	1.4	392
Полошки	93.5	.0	.0	.7	.1	3.5	1.8	.0	.1	.3	100.0	.8	2.0	513
Североисточен	92.9	.0	.0	.4	.0	1.0	3.6	1.3	.1	.6	100.0	.4	3.8	352
Скопски	93.9	.0	.2	.5	.0	3.0	.6	1.2	.6	.0	100.0	.7	1.4	955
Област														
Урбана	92.0	.0	.0	.7	.1	3.5	1.6	1.4	.4	.3	100.0	.8	2.1	1604
Рурална	95.4	.2	.1	.3	.0	1.9	1.0	.4	.3	.4	100.0	.6	1.6	1599
Возраст														
0-4	95.8	.0	.0	.2	.0	2.3	1.0	.5	.0	.1	100.0	.2	1.0	859
5-9	92.0	.1	.0	.2	.0	4.3	1.8	.5	.6	.3	100.0	.4	2.5	846
10-14	95.1	.0	.0	.4	.0	1.7	1.0	1.4	.4	.0	100.0	.4	1.4	856
15-17	91.1	.2	.3	1.5	.2	2.3	1.5	1.2	.6	1.1	100.0	2.2	2.8	643
Индекс на квинтил на богатство														
Најсиромашен	93.5	.3	.0	.6	.2	2.7	.8	.7	.4	.7	100.0	1.1	1.8	690
Втор	93.3	.0	.3	.5	.1	2.1	3.0	.4	.1	.3	100.0	.8	3.4	651
Среден	91.5	.0	.0	1.2	.0	4.1	1.4	1.1	.6	.0	100.0	1.2	2.1	614
Четврт	94.1	.0	.0	.4	.0	1.9	1.0	1.4	.7	.5	100.0	.4	1.7	588
Најбогат	95.8	.0	.0	.1	.0	2.7	.4	.9	.0	.2	100.0	.1	.4	660
Етничка припадност на главата на домаќинството														
Македонска	93.4	.1	.1	.6	.0	3.1	1.0	.9	.4	.3	100.0	.8	1.7	1758
Албанска	94.9	.0	.0	.3	.0	2.2	1.6	.5	.2	.3	100.0	.3	1.8	1161
Друго	90.1	.0	.0	1.1	.4	2.2	2.1	2.6	.8	.7	100.0	1.5	3.4	285
Вкупно	**93.7**	**.1**	**.1**	**.5**	**.1**	**2.7**	**1.3**	**.9**	**.4**	**.3**	**100.0**	**.7**	**1.9**	**3204**

[1] MICS индикатор 9.17
[2] MICS индикатор 9.18

Од 3204 деца кои се опфатени со истражувањето, 94 проценти живеат со двајцата родители. 4 проценти живеат само со мајката, а 1 процент само со таткото. Помалку од 1 процент од децата не живеат со нивните биолошки родители и кај 2 проценти од децата еден или двајцата родители се починати.

Опфат на примерокот – Ромски населби

Од 1079 семејства кои беа избрани за примерокот, 997 беа населени. Од нив, 953 беа успешно интервјуирани, со стапка на одзив на домаќинствата од 96 проценти. Во интервјуираните домаќинства, беа идентификувани 1134 жени (на возраст од 15-49 години). Од нив, 1091 беа успешно интервјуирани, со стапка на одзив од 96 проценти во интервјуираните домаќинства. 483 деца на под 5-годишна возраст беа наведени во прашалниците за домаќинствата. Прашалниците беа пополнети за 476 од овие деца, што одговара на стапка на одзив од 99 проценти во рамки на интервјуираните домаќинства. Севкупната стапка на одзив од 92 и 94 се пресметани за интервјуата со жени и деца под 5-годишна возраст соодветно (Табела HH.1R).

Табела HH.1R: Резултати од интервјуа за жени и деца под 5-годишна возраст во домаќинствата

Број на домаќинства, жени, мажи и деца под 5-годишна возраст според резултатите од интервјуата за домаќинство, жени, мажи и деца под 5-годишна возраст и стапки на одзив за интервјуата, Ромски населби, 2011

	Вкупно
Домаќинства	
Број на домаќинства во примерокот	1079
Населени	997
Интервјуирани	953
Стапка на одзив на домаќинства	95.6
Жени	
Подобни	1134
Интервјуирани	1091
Стапка на одзив на жените	96.2
Севкупна стапка на одзив на жените	92.0
Деца под 5-годишна возраст	
Подобни	483
Интервјуирани мајки/негуватели	476
Стапка на одзив за деца под 5-годишна возраст	98.6
Севкупна стапка на одзив за деца под 5-годишна возраст	94.2

Карактеристики на домаќинствата – Ромски населби

Табелата HH.2 R ја содржи поделбата на популацијата од истражувањето по пондерирана возраст и пол. Поделбата, исто така е искористена за изработка на пирамидата за популацијата од Графикон HH.1R. Во 953 успешно интервјуирани домаќинства во истражувањето, беа идентификувани 4229 членови на домаќинствата. Од нив, 2093 се мажи, и 2136 се жени.

Табела HH.2R: Старосна поделба во домаќинствата според полот

Процент и зачестеност на популацијата на домаќинствата кај старосни групи на 5 години, зависни старосни групи, и според популација на деца (на возраст од 0-17 години) и возрасни (на возраст од 18 или повеќе), според полот, Ромски населби, 2011

	Мажи		Жени		Вкупно	
	Број	Процент	Број	Процент	Број	Процент
Возраст						
0-4	246	11.8	253	11.8	499	11.8
5-9	212	10.1	221	10.4	433	10.2
10-14	172	8.2	176	8.2	348	8.2
15-19	186	8.9	178	8.3	365	8.6
20-24	178	8.5	189	8.8	367	8.7
25-29	185	8.8	162	7.6	347	8.2
30-34	164	7.8	171	8.0	335	7.9
35-39	134	6.4	117	5.5	251	5.9
40-44	113	5.4	153	7.2	266	6.3
45-49	134	6.4	127	6.0	261	6.2
50-54	132	6.3	140	6.5	271	6.4
55-59	92	4.4	100	4.7	193	4.6
60-64	68	3.2	58	2.7	125	3.0
65-69	27	1.3	49	2.3	77	1.8
70-74	27	1.3	28	1.3	55	1.3
75-79	19	.9	8	.4	27	.6
80-84	0	.0	4	.2	4	.1
85+	4	.2	3	.1	6	.1
Зависни возрасни групи						
0-14	630	30.1	650	30.4	1280	30.3
15-64	1385	66.2	1395	65.3	2780	65.7
65+	78	3.7	92	4.3	170	4.0
Популација на деца и возрасни						
Деца на возраст од 0-17 години	751	35.9	772	36.1	1523	36.0
Возрасни на возраст од 18+ години	1342	64.1	1364	63.9	2706	64.0
Вкупно	**2093**	**100.0**	**2136**	**100.0**	**4229**	**100.0**

Податоците од Табела HH.2R укажуваат на позитивен раст на населението кај ромската популација. Процентот на деца на возраст од 0-4 години е највисок, со речиси 12 проценти од ромската популација. Истовремено, процентот на другите старосни групи опаѓа со возраста. Децата на возраст од 0-17 години претставуваат 36 проценти од ромската популација наспроти старосната група од 65 години и повеќе со само 4 проценти.

Графикон HH.1R: Старосна распределба на популацијата од домаќинството според полот, Ромски населби, 2011



Табелите HH.3R - HH.5R даваат основни информации за домаќинствата, женските испитаници на возраст од 15-49 години и деца под 5-годишна возраст преку презентирање на непондерирани, како и пондерирани бројки. Информациите за основните карактеристики на интервјуираните домаќинства, жени и деца под 5-годишна возраст во истражувањето се клучни за толкувањето на наодите кои се презентирани подолу во извештајот, и може исто така да укажат на репрезентативноста на истражувањето. Останатите табели во овој извештај се претставени само со пондерирани податоци. Види Прилог А2 за повеќе детали околу пондерирањето.

Табела HH.3R содржи основни информации за домаќинствата во ромските населби. Во домаќинствата, полот на главата на семејството, бројот на членови во домаќинството и образованието на главата на домаќинството се прикажани во Табелата. Овие основни карактеристики се користат и во последователните табели на овој извештај. Бројките во табелите исто така имаат за цел да ги прикажат бројките по главните категории кои се анализираат во овој извештај.

Бројот на испитаници со високо образование е премногу мал за да се прикаже како посебна категорија. Оттаму, категориите *Средно* и *Високо* образование се прикажани одделно само во Табелите HH.3, HH.4 и HH.5, додека пак во останатите табели тие се споени и означени како *Средно+*.

Табела HH.3R: Состав на домаќинство

Процент на домаќинства според избрани карактеристики, Ромски населби, 2011

	Пондериран процент	Број на домаќинства	
		Пондериран	Непондериран
Пол на главата на домаќинството			
Машки	85.3	813	815
Женски	14.7	140	138
Број на членови на домаќинство			
1	6.3	60	54
2	13.0	124	109
3	13.9	132	124
4	21.6	206	218
5	17.3	165	157
6	13.0	124	140
7	8.2	78	76
8	3.1	29	35
9	1.8	17	16
10+	2.0	19	24
Образование на главата на семејството			
Без образование	14.9	142	132
Основно	66.8	636	631
Средно	16.9	161	179
Високо	1.5	14	11
Вкупно	**100.0**	**953**	**953**
Домаќинства со најмалку			
Едно дете на возраст од 0-4 години	38.0	953	953
Едно дете на возраст од 2-9 години	46.7	953	953
Едно дете на возраст од 0-17 години	69.7	953	953
Една жена на возраст од 15-49 години	80.3	953	953

Пондерираниот и непондерираниот вкупен број на домаќинства е ист (953), бидејќи пробните пондери беа нормализирани (види Прилог А). Табелата, исто така го покажува процентот на домаќинства со најмалку едно дете под 18-годишна возраст, најмалку едно дете под 5-годишна возраст и најмалку една подобна жена на возраст од 15-49 години. Табелата, исто така ја покажува пондерираната просечна големина на едно домаќинство која е проценета со истражувањето.

Во 85 проценти оддомаќинствата, глава на домаќинството се мажи, додека пак во останатите 15 проценти оддомаќинствата главата на домаќинството е жена. Мнозинството од оние кои се глава на домаќинството (67 проценти) имаат завршено основно образование. Средната големина на домаќинството од 4.4 члена ја одразува структурата на домаќинството според бројот на членови, а најголема зачестеност во примерокот имаат домаќинствата со четири или пет члена.

Карактеристики на женски испитаници на возраст од 15-49 години и деца под 5-годишна возраст – Ромски населби

Табелите HH.4R и HH.5R содржат информации за основните карактеристики на женските испитаници на возраст од 15-49 години и деца под 5-годишна возраст. Во двете табели, еднакви се пондерираните и непондерираните броеви, бидејќи пробните пондери беа нормализирани (стандардизирани). Табелите ги прикажуваат броевите за секоја категорија поединечно, кои се користат и во понатамошните табеларни прикази на овој извештај.

Табела HH.4R: Основни карактеристики на жени

Процент и зачестенот во распределбата на жени на возраст од 15-49 години според избрани основни карактеристики, Ромски населби, 2011

	Пондериран процент	Број на жени	
		Пондериран	Непондериран
Возраст			
15-19	15.8	173	175
20-24	17.4	190	199
25-29	15.2	166	166
30-34	15.7	172	161
35-39	10.3	112	113
40-44	13.7	149	148
45-49	11.9	129	129
Брачен статус/заедница			
Моментално во брак/заедница	73.3	799	801
Вдовица	2.0	22	21
Разведена	4.3	47	41
Разделени	2.1	22	21
Никогаш во брак/заедница	18.3	200	207
Мајчински статус			
Има родено	76.7	837	824
Нема родено	23.3	254	267
Раѓања во последните две години			
Да	16.7	182	174
Не	83.3	909	917
Образование			
Нема	16.8	183	186
Основно	66.3	724	708
Средно	14.1	153	165
Високо	2.8	31	32
Индекс на квинтил на богатство			
Најсиромашен	18.4	201	170
Втор	18.5	202	201
Среден	19.4	212	206
Четврт	21.3	232	259
Најбогат	22.4	245	255
Вкупно	**100.0**	**1091**	**1091**

Табелата HH.4R ги содржи основните карактеристики на женските испитаници на возраст од 15-49 години. Табелата вклучува информации за распределбата на жените по возраст, брачен статус, мајчински статус, раѓања во последните две години, образование[11], и индекс на квинтили на богатство. Мнозинството жени припаѓаат на групите кои се категоризирани како моментално во брак/заедница, со завршено основно образование и без раѓања во последните две години.

Некои од основните карактеристики на децата под 5-годишна возраст се претставени во Табела HH.5R. Тука спаѓа распределбата на децата според неколку карактеристики: пол, возраст, образование на мајката или негувателот, и богатството.

Табела HH.5R: Основни карактеристики на деца под 5-годишна возраст

Процент и зачестеност на распределбата на деца под 5-годишна возраст според избрани карактеристики, Ромски населби, 2011

	Пондериран процент	Број на деца под 5 години	
		Пондериран	Непондериран
Пол			
Машки	49.8	237	250
Женски	50.2	239	226
Возраст			
0-5 месеци	7.5	36	37
6-11 месеци	9.1	43	44
12-23 месеци	20.7	99	102
24-35 месеци	21.0	100	105
36-47 месеци	19.4	92	83
48-59 месеци	22.1	105	105
Образование на мајката*			
Нема	21.3	102	102
Основно	68.6	327	318
Средно	10.1	48	56
Високо	2.3	11	9
Индекс на квинтил на богатство			
Најсиромашен	25.7	122	108
Втор	22.7	108	107
Среден	19.5	93	90
Четврт	16.7	79	92
Најбогат	15.4	73	79
Вкупно	**100.0**	**476**	**476**

* Образованието на мајката се однесува на образовното ниво на мајките и негувателите на деца под 5-годишна возраст.

Приближно 17 проценти оддецата од ромската популација се на возраст под 1 година, додека пак останатите четири старосни групи се присутни со 19 до 22 проценти. Мајките на мнозинството деца (69 проценти) имаат завршено основно училиште, додека пак бројот на деца чии мајки немаат образование е два пати поголем од бројот на оние кои имаат завршено средно и високо образование. За разлика од распределбата кај жените, највисок е процентот на деца под 5-годишна возраст кај најсиромашните домаќинства (27 проценти) и најнизок кај најбогатите (15 проценти).

11 Освен доколку не е поинаку наведено, "Образование" се однесува на образовното ниво на испитаникот во овој извештај кога се користи како варијабла на основните карактеристики.

Услови за живеење на децата – Ромски населби

Табелата HH.6R содржи информации за условите за живеење на децата и децата сираци под 18-годишна возраст во Ромските населби.

Табела HH.6R: Услови за живеење на децата и децата сираци

Распределба според процент и зачестеност на деца под 5-годишна возраст според избрани карактеристики, Ромски населби, 2011

	Живее со двата родителa	Не живее со родителите				Живее со мајката		Живее со таткото		Не може да се одреди	Вкупно	Не живее со биолошките родители[1]	Еден или двата родителa починати[2]	Број на деца на возраст 0-17 години
		Само таткото е жив	Само мајката е жива	Двајцата се живи	Двајцата се починати	Таткото е жив	Таткото е починат	Мајката е жива	Мајката е почината					
Пол														
Машки	91.2	.0	.0	.8	.1	3.1	2.2	1.6	.2	.8	100.0	.9	2.5	751
Женски	84.4	.1	.2	3.2	.1	5.0	3.6	1.8	.3	1.4	100.0	3.5	4.1	772
Возраст														
0-4	89.7	.0	.0	.2	.0	6.1	2.8	.7	.0	.5	100.0	.2	2.8	499
5-9	90.6	.0	.0	.7	.0	3.8	1.5	2.9	.0	.4	100.0	.7	1.5	433
10-14	87.0	.1	.1	2.9	.1	2.8	4.9	1.3	.2	.5	100.0	3.3	5.5	348
15-17	80.0	.0	.4	6.6	.4	2.2	2.5	2.2	1.3	4.5	100.0	7.4	4.5	244
Индекс на квинтил на богатство														
Најсиромашен	82.4	.0	.1	3.3	.2	2.8	5.8	2.7	.0	2.6	100.0	3.6	6.1	392
Втор	87.6	.1	.3	2.7	.0	5.8	2.5	.4	.2	.4	100.0	3.1	3.1	315
Среден	90.0	.0	.0	.9	.2	2.6	1.5	2.4	1.1	1.2	100.0	1.1	2.8	292
Четврт	89.4	.0	.0	1.2	.0	3.9	2.6	2.3	.0	.7	100.0	1.2	2.6	280
Најбогат	92.1	.0	.0	1.2	.0	5.7	.8	.2	.0	.0	100.0	1.2	.8	245
Вкупно	**87.8**	**.0**	**.1**	**2.0**	**.1**	**4.1**	**2.9**	**1.7**	**.3**	**1.1**	**100.0**	**2.2**	**3.3**	**1523**

[1] MICS индикатор 9.17

[2] MICS индикатор 9.18

Од 1523 деца во Ромските населби опфатени со истражувањето, 88 проценти живеат со двајцата родители. 7 проценти живеат само со мајката, а 2 проценти живеат само со таткото. 2 проценти оддецата не живеат со нивните биолошки родители, а кај 3 проценти оддецата еден или двајцата родители се починати.

IV СМРТНОСТ КАЈ ДЕЦАТА

Една од осопфатните цели на Милениумските развојни цели (MDGs) е намалување на смртноста кај доенчињата и децата под 5-годишна возраст. Поконкретно, Милениумските развојни цели (MDGs) повикуваат на намалување на смртноста кај децата под 5-годишна возраст за две третини во периодот помеѓу 1990 и 2015. Следењето на напредокот кон оваа цел е важно, но тешко. Мерењето на смртноста кај децата може да изгледа лесно, но обидите преку употреба на директни прашања, како што е "Дали некој има починато во ова домаќинство во последната година?" даваат непрецизни резултати. Примената на директни мерења на смртноста кај децата од историите на раѓањето е нешто за кое е потребно многу време, поскапо е, и потребно е особено големо внимание да се посвети на обуки и супервизија. Од друга страна, развиените индиректни методи за мерење на смртноста кај децата даваат цврсти оценки кои се споредливи со оние кои се добиени од други извори. Со примена на индиректните методи се намалуваат опасностите од заборавање, непрецизни или погрешно толкувани дефиниции, и слаби техники за интервјуирање.

Модулот за смртност кај децата беше спроведен само за примерокот од Ромските населби. Смртноста кај доенчињата и децата под 5-годишна возраст на национално ниво е премногу ниска за да се мери преку прашалникот за MICS.

Стапка на смртност на доенчињата е веројатноста за умирање пред првиот роденден. Стапка на смртност кај деца под 5-годишна возраст е веројатноста за умирање пред петтиот роденден. Во истражувањето MICS, стапките на смртност кај доенчиња и деца под 5-годишна возраст се пресметуваат врз основа на индиректната техника за проценка која е позната како Брасов модел[12]. Податоците кои се користат за оваа пресметка се следните: просечниот број на деца родени од жени кои се класифицирани во возрасни групи од по 5 години на возраст од 15 до 49 години, и процентот на тие деца кои се умрени во однос на жените кои се класифицирани во 5-годишни старосни групи (Табела CM.1R). Со оваа техника, процентите на умрени деца на жени во секоја од старосните групи се претвораат во веројатност за умирање притоа земајќи го предвид приближното времетраење на изложеност на децата на ризик од умирање, и одреден модел на образец за возраста на смртноста. Врз основа на претходните информации за смртноста во Ромските населби во Македонија, источниот модел на таблици за морталитет беше избран како најсоодветен.

Табела CM.1R: Родени, преживеани и умрени деца

Просечен и вкупен број на деца кои се родени, кои преживеале и процент на умрени деца според возраста на жените, Ромски населби, 2011

	Родени деца		Деца кои преживеале		Процент на мртви	Број на жени
	Средна бројка	Вкупно	Средна бројка	Вкупно		
Возраст						
15-19	.080	14	.080	14	.000	173
20-24	.608	115	.595	113	.022	190
25-29	1.106	183	1.094	181	.011	166
30-34	1.206	207	1.180	203	.022	172
35-39	1.501	168	1.412	158	.059	112
40-44	1.456	217	1.369	204	.060	149
45-49	1.676	217	1.573	204	.061	129
Вкупно	**1.029**	**1122**	**.987**	**1077**	**.040**	**1091**

Стапката на смртноста на доенчињата во ромските населби се проценува на 13 на илјада живородени деца, додека пак веројатноста за умирање на деца под 5-годишна возраст (U5MR) е околу 14 на илјада.[13] Овие проценки се пресметани со упросечување на проценките на смртноста добиени од жените од старосните групи 25-29 и 30-34, и се однесуваат на средината на 2005.

12 *United Nations, 1983. Manual X: Indirect Techniques for Demographic Estimation (United Nations publication, Sales He. E.83.XIII.2). United Nations, 1990a. QFIVE, United Nations Program for Child Mortality Estimation. New York, UN Pop Division. United Nations, 1990b. Step-by-step Guide to the Estimation of Child Mortality. New York, UN.*

13 Табелата не е прикажана заради малиот број на случаи во распределените категории.

V ИСХРАНА

Состојба со исхранетоста

Состојбата со исхранетоста на децата претставува одраз на нивното севкупно здравје. Кога децата имаат пристап до адекватни прехрамбени производи, тие не се изложени на повторени заболувања и кога за нив се води добра грижа, тие можат да го постигнат својот потенцијал за раст и се смета дека се добро исхранети.

Неисхранетоста е причина за повеќе од половина од смртните случаи на деца ширум светот. Кај недоволно исхранетите деца поголема е веројатноста дека ќе умрат од некои детски заболувања, а оние деца кои ќе преживеат ќе страдаат од повторливи заболувања и слабо ќе напредуваат во растот. Три четвртини од децата кои умираат од причини поврзани со неисхранетоста биле само благо или умерено неисхранети – без да покажуваат надворешни знаци на ранливост. Милениумската развојна цел е да се намали за половина процентот на луѓе кои страдаат од изгладнетост во периодот помеѓу 1990 и 2015. Намалувањето на преваленцата на неисхранетост, исто така ќе помогне за остварување на целта за намалување на смртноста кај децата.

Кај популацијата која добро е исхранета, постои референтна распределба на висината и тежината кај децата под 5-годишна возраст. Недоволно исхранетата популација може да се процени преку споредба на децата со референтната популација. Референтната популација која се користи во овој извештај се заснова на стандардите за раст на WHO [14]. Секој од трите индикатори за состојбата со исхранетоста може да се изразат во стандардни единици на отстапувања (z-бодови) од средната вредност на референтната популација.

Тежина –за-возраст е мерка за акутна и хронична неисхранетост. Децата чија тежина-за-возраст е е повеќе од две стандардни отстапувања под средната вредност на референтната популација се смета дека се со *умерена помала тежина* додека пак оние чија тежина-за-возраст е повеќе од три стандардни отстапувања под средната вредност се класифицирани како деца со *сериозна помала тежина.*

Висина-за-возраст е мерка за линеарен раст. Децата чија височина-за-возраст е повеќе од две стандардни отстапувања под средната вредност на референтната популација се смета дека се ниски за својата возраст и се класифицирани како деца со *умерен забавен раст.* Оние деца чија висина-за-возраст е повеќе од три стандардни отстапувања под средната вредност на референтната популација се класифицирани како деца со *тежок забавен раст.* Забавениот раст е одраз на хронична неисхранетост како резултат на пропуст да се прими соодветна храна за време на подолг период и повторливи или хронични заболувања.

На крајот, децата чија *тежина-за-висина* е повеќе од две стандардни отстапувања од средната вредност на референтната популација се класифицирани како *умерено исцрпени,* додека пак оние кај кои има повеќе од три стандардни отстапувања под средната вредност се класифицираат како *крајно исцрпени.* Исцрпеноста вообичаено е резултат на неодамнешен недостиг на храна. Индикаторот може да покаже значителни сезонски промени кои се поврзуваат со промените во расположливоста на храна и преваленцата на заболувања.

Во истражувањето MICS, тежината и висината на сите деца под 5-годишна возраст се мерат со помош на антропометриска опрема, која е препорачана од страна на UNICEF. Наодите во овој дел се засноваат на резултатите од тие мерења.

Табелата NU.1 го покажува процентот на деца кои се класифицирани во секоја од горенаведените категории, врз основа на антропометриски мерења кои беа направени за време на теренската работа. Покрај тоа, Табелата го вклучува и процентот на деца кои се со зголемена тежина, каде во предвид се земени оние деца чија тежина за висина е над 2 стандардни отстапувања од средната вредност на референтната популација , и средните z-бодови за сите три антропометриски индикатори.

[14] http://www.who.int/childgrowth/standards/second_set/technical_report_2.pdf

Табела NU.1: Состојба со исхранетоста кај децата

Процент на деца под 5-годишна возраст според состојбата со исхранетоста и според три антропометриски мерења: тежина за возраст, висина за возраст, и тежина за висина, Македонија, 2011

	Тежина за возраст				Висина за возраст				Тежина за висина				
	Со помала тежина		Среден Z-бод (SD)	Број на деца под 5-год. возраст	Забавен раст		Среден Z-бод (SD)	Број на деца под 5-год. возраст	Исцрпени		Зголемена тежина	Среден Z-бод (SD)	Број на деца под 5-год. возраст
	процент под				процент под				процент под		процент над		
	- 2 SD[1]	- 3 SD[2]			- 2 SD[3]	- 3 SD[4]			- 2 SD[5]	- 3 SD[6]	+ 2 SD		
Пол													
Машки	1.5	.2	.5	669	5.6	2.4	.1	667	2.2	.3	13.4	.6	653
Женски	1.1	.2	.4	663	4.3	1.7	.0	652	1.4	.1	11.4	.6	646
Регион													
Вардарски	1.3	.0	.3	99	5.1	2.3	.1	98	3.8	.8	6.5	.3	98
Источен	3.3	.0	.1	110	6.3	2.7	-.3	110	2.8	.6	7.3	.4	109
Југозападен	2.8	.7	.6	117	13.3	8.4	-.2	111	3.8	1.5	22.5	.8	103
Југоисточен	.4	.0	.6	81	1.3	.0	.3	81	1.0	.0	12.8	.7	79
Пелагониски	1.8	1.3	.4	152	4.1	1.4	.0	152	2.3	.0	13.1	.6	152
Полошки	.5	.0	.2	251	5.0	1.7	.0	250	3.4	.0	6.0	.3	244
Североисточен	1.5	.0	.9	135	5.0	3.1	.0	135	.4	.0	28.5	1.2	130
Скопски	.6	.0	.5	388	3.1	.5	.1	382	.0	.0	10.9	.7	382
Област													
Урбана	.8	.3	.6	671	4.1	1.5	.1	666	1.2	.2	15.8	.7	657
Рурална	1.8	.1	.3	661	5.8	2.6	.0	653	2.4	.2	9.0	.4	642
Возраст													
0-5 месеци	5.1	1.3	-.1	110	7.3	2.3	-.2	108	1.7	.0	3.2	.2	107
6-11 месеци	.4	.0	.3	141	2.5	1.5	.5	137	8.5	.0	3.5	.1	136
12-23 месеци	.7	.5	.6	273	5.8	1.8	.0	270	1.9	.6	12.8	.7	265
24-35 месеци	.3	.0	.6	268	3.6	1.0	.1	261	.3	.0	17.9	.8	261
36-47 месеци	.6	.0	.5	268	5.3	3.0	-.1	270	.1	.0	15.6	.8	264
48-59 месеци	2.5	.0	.4	273	5.3	2.4	-.1	272	1.6	.6	11.8	.5	266
Образование на мајката													
Основно или помалку	2.0	.3	.2	528	6.2	1.9	-.2	522	2.8	.3	8.5	.4	516
Средно	1.0	.3	.5	507	5.1	2.0	.0	501	1.6	.2	15.1	.7	493
Високо	.4	.0	.8	297	2.5	2.2	.4	295	.5	.2	14.9	.8	290
Индекс на квинтил на богатство													
Најсиромашен	1.9	.2	.0	308	7.2	1.9	-.3	303	3.5	.0	4.3	.3	301
Втор	1.3	.0	.3	268	5.8	1.8	-.1	266	1.2	.0	9.6	.5	264
Среден	2.1	.3	.6	242	4.7	2.1	.1	241	2.3	.7	22.2	.8	235
Четврт	1.1	.5	.7	250	4.6	3.3	.2	251	1.3	.3	14.2	.7	242
Најбогат	.0	.0	.7	264	2.0	1.2	.3	258	.6	.3	14.2	.7	256
Етничко потекло на главата на домаќинството													
Македонско	.9	.3	.6	683	3.6	1.3	.1	678	1.3	.2	14.6	.7	672
Албанско	.7	.1	.4	508	5.4	2.3	.0	500	2.0	.0	10.7	.5	487
Друго	5.0	.0	.0	141	9.6	4.4	-.4	141	3.7	1.1	7.9	.3	139
Вкупно	**1.3**	**.2**	**.4**	**1332**	**4.9**	**2.0**	**.0**	**1318**	**1.8**	**.2**	**12.4**	**.6**	**1299**

[1] MICS индикатор 2.1a and MDG индикатор 1.8

[2] MICS индикатор 2.1b

[3] MICS индикатор 2.2a, [4] MICS индикатор 2.2b

[5] MICS индикатор 2.3a, [6] MICS индикатор 2.3b

Децата, за кои не беше добиен целосниот датум на раѓање (месец и година), и децата чии мерења се надвор од прифатливиот опсег се исклучени од Табела NU.1. Децата се исклучени од една или повеќе антропометриски индикатори кога не е измерена нивната тежина и висина, независно кое од нив да е применливо. На пример, доколку му била измерена тежината, но не и висината на детето, детето е вклучено во пресметките за помала тежина, но не и во пресметките за исцрпеност и забавен раст. Процентот на деца според возраст и причини за исклученост е прикажан во табелите за квалитет на податоците, Табели DQ.6 и DQ.7. Во целина, кај 94 проценти од децата беа направени валидни мерења на тежината и висината (Табела DQ.7). На сите деца им беше евидентиран датумот на раѓање, што значи дека ниедно дете не беше исклучено од пресметките заради таа причина. (Табела DQ.6). Табелата DQ.7 покажува дека заради неостварени мерења со тоа што недостасува тежината и/или висината, 3 проценти од децата се исклучени од проценките за индикаторот тежина-за-возраст, додека пак бројките покажуваат 4 проценти за индикаторот за висина-за-возраст и 6 проценти за индикаторот за тежина-за-висина.

Во Македонија, 1 процент од децата под 5-годишна возраст имаат помала тежина и 0.2 проценти се класифицирани како деца со значително помала тежина (Табела NU.1). Околу 5 проценти од децата имаат забавен раст или се премногу ниски за нивната возраст и 2 проценти се умерено исцрпени или премногу слаби за нивната висина.

За да се овозможи споредба со MICS3 како и за целите на глобалните извештаи, изготвена е Табелата NU.1 (а) заснована на NCHS/CDC/WHO Меѓународна Референтна Популација (види Прилог Ж).

Графикон NU.1: Процент на деца под 5-годишна возраст кои се со ниска тежина, забавен раст и исцрпени, Македонија, 2011



Состојба со исхранетоста – Ромски населби

Речиси 8 проценти од ромските деца на возраст под 5 години во Македонија се со помала тежина и 2 проценти се класифицираат со крајно мала тежина (Табела NU.1R). Околу 17 проценти оддецата се со забавен раст или се премногу ниски за нивната возраст и 5 проценти се исцрпени или преслаби за нивната височина.

Табела NU.1R: Состојба со исхранетоста кај децата

Процент на деца под 5-годишна возраст според состојбата со исхранетоста според три антропометриски индикатори: тежина за возраст, висина за возраст, и тежина за висина, Ромски населби, 2011

	Тежина за возраст			Број на деца под 5-годишна возраст	Висина за возраст			Број на деца под 5-годишна возраст	Тежина за висина				Број на деца под 5-годишна возраст
	Со помала тежина процент под		Среден Z-бод (SD)		Забавен раст процент под		Среден Z-бод (SD)		Исцрпени процент под		Со зголемена тежина процент над	Среден Z-бод (SD)	
	- 2 SD[1]	- 3 SD[2]			- 2 SD[3]	- 3 SD[4]			- 2 SD[5]	- 3 SD[6]	+ 2 SD		
Пол													
Машки	8.1	1.8	-.4	235	21.1	2.9	-.8	224	4.3	1.4	5.9	.1	224
Женски	7.0	2.3	-.5	235	12.0	3.0	-.8	234	4.7	1.9	4.3	-.1	233
Возраст													
0-5 месеци	(11.8)	(7.5)	(-.4)	36	(15.9)	(9.9)	(-.7)	34	(8.0)	(6.4)	(14.8)	(.2_)	33
6-11 месеци	(7.4)	(1.5)	(-.4)	43	(2.6)	(.0)	(-.2)	43	(8.8)	(5.0)	(4.4)	(-.2)	43
12-23 месеци	7.5	1.5	-.4	98	16.1	4.2	-.9	95	3.6	.6	4.4	.0	96
24-35 месеци	3.0	.0	.0	96	14.9	1.6	-.5	92	.9	.0	3.6	.4	91
36-47 месеци	8.0	5.2	-.6	92	22.2	5.3	-1.0	89	5.2	2.1	6.9	-.2	89
48-59 месеци	9.9	.0	-.8	105	19.1	.0	-1.0	104	4.9	.9	2.7	-.3	104
Образование на мајката													
Нема	5.9	.0	-.6	101	25.9	2.8	-1.1	100	2.0	.0	4.0	.0	100
Основно	8.7	2.8	-.5	321	14.9	3.5	-.8	311	4.4	1.8	3.7	-.1	310
Средно+	3.3	1.4	.1	48	6.8	.0	-.1	47	10.6	4.6	16.4	.3	47
Индекс на квинтил на богатство													
Најсиромашен	13.1	5.6	-.9	122	28.7	8.1	-1.3	122	6.9	1.5	4.7	-.2	122
Втор	5.9	1.1	-.6	107	16.0	2.2	-.8	102	2.9	1.7	2.6	-.1	103
Среден	11.1	.9	-.5	91	15.0	1.7	-.7	87	3.1	1.2	4.8	-.2	86
Четврт	1.9	.0	-.1	79	11.2	.0	-.7	77	.8	.0	5.6	.2	75
Најбогат	2.2	1.0	.1	71	3.5	.0	-.1	70	8.2	4.2	9.3	.2	70
Вкупно	**7.6**	**2.0**	**-.5**	**470**	**16.5**	**3.0**	**-.8**	**458**	**4.5**	**1.7**	**5.1**	**.0**	**457**

[1] MICS индикатор 2.1a and MDG индикатор 1.8

[2] MICS индикатор 2.1b

[3] MICS индикатор 2.2a, [4] MICS индикатор 2.2b

[5] MICS индикатор 2.3a, [6] MICS индикатор 2.3b

( ) – Податоците се базираат на 25-49 непондерирани случаи

Процентот на деца со забавен раст е десет пати повисок кај најсиромашниот квинтил на богатство во споредба со најбогатиот квинтил. Исто така, има околу шест пати повеќе деца со помала тежина во најсиромашниот квинтил отколку во најбогатиот. Во однос на полот, кај момчињата има поголема веројатност да имаат забавен раст од девојчињата.

За да се овозможи споредба со MICS3 како и за целите на глобалните извештаи, изготвена е Табелата NU.1 (a) R заснована на NCHS/CDC/WHO Меѓународна Референтна Популација (види Прилог Ж).

Figure NU.1R: Процент на деца под 5-годишна возраст кои се со ниска тежина, забавен раст и исцрпени, Ромски населби, 2011



*Податоците за децата на возраст од 0-5 и 6-11 месеци се базираат на 25-49 непондерирани случаи

Доење и исхрана на доенчиња и мали деца

Доењето во текот на првите неколку години од животот го заштитува детето од инфекции, обезбедува идеален извор на нутритиенти, и исто така е економично и безбедно. Меѓутоа, многу мајки престануваат да дојат прерано и честопати има притисоци да се префрлат на употреба на вештачко млеко (формула). Тоа може да придонесе за забавување на растот и неисхранетост со микронутритиенти, а може и да биде небезбедно доколку нема достапна чиста вода.

WHO/UNICEF ги даваат следните препораки за хранење на децата:

- Ексклузивно доење во првите шест месеци
- Продолжено доење за период од две години или повеќе
- Безбедно и соодветно за возраста дохранување започнувајќи од 6 месец
- Зачестеност на дохранувањето: 2 пати на ден за доенчиња на возраст од 6-8 месеци; 3 пати на ден за доенчиња на возраст од 9-11 месеци

Исто така, се препорачува со доењето да се започне еден час по раѓањето.

Индикаторите кои се однесуваат на препорачаните практики за исхрана на децата се следните:

- Рано започнување со доење (во рок од еден час по раѓањето)
- Стапка на ексклузивно доење (< 6 месеци)
- Доминантно доење (< 6 месеци)
- Стапка на продолжено доење (на 1 година и на 2 години)
- Времетраење на доењето
- Доење соодветно за возраста (0-23 месеци)
- Воведување на цврта, полуцврста и кашеста храна (6-8 месеци)
- Минимална зачестеност на оброците (6-23 месеци)
- Зачестеност на исхрана со млеко кај деца кои не се доени (6-23 месеци)
- Исхрана со шише со цуцла (0-23 месеци)

Табелата NU.2 го покажува процентот на деца кои се родени во последните две години пред истражувањето кои биле доени, кои прв пат биле доени еден час или еден ден по раѓањето, и кои имаат примено прихрана предда почне мајката со доење. Иако е многу значаен чекор во справувањето на мајката со доењето и воспоставувањето на физичка и емоционална врска меѓу мајката и детето, само 21 процент од бебињата се дојат за прв пат еден час по породувањето, додека пак кај 64 проценти од новороденчињата во Македонија доењето се почнува еден ден по породувањето. 94 проценти од бебињата биле доени, и 34 проценти примале прихрана предда почне мајката со доење, и тоа со поголема веројатност во урбаните области и во Скопскиот регион, во домаќинствата од најбогатиот квинтил и во домаќинствата каде главата на домаќинство е со македонско етничко потекло. Кај мајките со повисоко образование поголема е веројатноста да ги дојат своите бебиња.

Графикон NU.2: Процент на мајки кои почнале да дојат во текот на првиот час или првиот ден по раѓањето, Македонија, 2011



Во Табелата NU.3, состојбата со доењето се базира на кажувањата на мајките/негувателите за конзумирањето на храна и течности од страна на децата и тоа во текот на претходниот ден или ноќта пред интервјуто. *Ексклузивното доење* се однесува на доенчиња кои примиле само мајчино млеко (и витамини, минерали или лекови). Во Табелата е прикажано ексклузивното доење на доенчињата во текот на првите шест месеци од животот, како и продолженото доење на децата на возраст од 12-15 и 20-23 месеци.

Табела NU.2: Прво доење

Процент на родени деца 2 години пред истражувањето кои биле доени, процент на деца кои биле доени еден час или еден ден по раѓањето, и процент на деца кои примиле прихрана пред да се почне со доењето, Македонија 2011

	Процент на деца кои биле доени[1]	Процент на деца кои биле прв пат доени:		Процент на деца кои примиле прихрана	Број на родени деца во последните две години пред истражувањето
		По еден час од раѓањето[2]	По еден ден од раѓањето		
Регион					
Вардарски	(100.0)	(24.6)	(80.9)	(31.7)	16
Источен	(97.5)	(32.0)	(77.6)	(21.9)	25
Југозападен	97.8	18.1	58.9	16.3	39
Југоисточен	(93.0)	(21.6)	(72.8)	(25.6)	16
Пелагониски	91.3	29.0	51.6	37.5	42
Полошки	93.7	15.4	71.2	14.1	69
Североисточен	(82.7)	(46.6)	(66.2)	(22.3)	37
Скопски	95.6	11.3	59.1	56.3	118
Област					
Урбана	96.0	20.9	59.2	46.1	178
Рурална	91.8	21.0	68.8	21.2	183
Месеци од последното раѓање					
0-11 месеци	(89.9)	(11.6)	(56.4)	(11.3)	35
12-23 месеци	(88.0)	(31.2)	(61.6)	(28.5)	37
Помош при породувањето					
Стручно лице	94.3	20.8	64.3	33.5	355
Лице кое традиционално присуствува на породувањето	(*)	(*)	(*)	(*)	1
Друго/Недостасува	(*)	(*)	(*)	(*)	5
Место на породување					
Јавно породилиште	94.6	20.9	65.7	30.8	332
Приватно породилиште	(*)	(*)	(*)	(*)	23
Дома	(*)	(*)	(*)	(*)	1
Друго/Недостасува	(*)	(*)	(*)	(*)	5
Образование на мајката					
Основно или помалку	90.7	18.2	66.7	21.6	146
Средно	95.2	22.9	68.0	33.0	128
Високо	97.1	22.6	54.0	53.9	88
Индекс на квинтил на богатство					
Најсиромашен	89.5	17.4	67.9	15.9	84
Втор	92.2	18.6	65.7	26.2	70
Среден	98.1	18.5	68.1	32.9	64
Четврт	94.8	21.8	59.5	41.3	75
Најбогат	96.0	29.0	58.9	54.3	68
Етничко потекло на главата на домаќинството					
Македононско	95.8	20.9	62.8	45.2	171
Албанско	90.8	17.4	63.6	22.3	146
Друго	96.1	32.7	70.5	24.9	45
Вкупно	**93.9**	**21.0**	**64.1**	**33.5**	**362**

[1] MICS индикатор 2.4

[2] MICS индикатор 2.5

( ) – Податоците се базираат на 25-49 непондерирани случаи

(*) – Податоците се базираат на помалку од 25 непондерирани случаи

Табела NU.3: Доење

Процент на живи деца според состојбата со доењето на избрани старосни групи, Македонија, 2011

	Деца на возраст од 0-5 месеци			Деца на возраст од 12-15 месеци		Деца на возраст од 20-23 месеци	
	Процент на ексклузивно доени[1]	Процент на доминантно доење[2]	Број на деца	Процент на доење (Продолжено доење во 1-та година)[3]	Број на деца	Процент на доење (продолжено доење во 2-та година)[4]	Број на деца
Пол							
Машки	31.1	47.2	53	(28.4)	49	(14.4)	39
Женски	16.1	41.5	62	(38.6)	55	(11.4)	43
Област							
Урбана	21.1	45.6	58	(35.0)	53	(13.6)	40
Рурална	25.0	42.5	56	(32.4)	51	(12.1)	42
Образование на мајката							
Основно или помалку	(26.4)	(46.7)	49	(30.6)	47	(19.7)	32
Средно	(24.6)	(36.0)	31	(49.3)	29	(6.7)	39
Високо	(16.9)	(47.6)	35	(23.3)	29	(*)	11
Етничко потекло на главата на домаќинството							
Македонско	19.6	41.0	53	36.1	48	5.4	44
Албанско	(23.0)	(46.8)	46	(23.8)	41	(14.7)	31
Друго	(*)	(*)	15	(*)	15	(*)	8
Вкупно	**23.0**	**44.1**	**114**	**33.8**	**104**	**12.8**	**82**

[1] MICS индикатор 2.6

[2] MICS индикатор 2.9

[3] MICS индикатор 2.7

[4] MICS индикатор 2.8

( ) – Податоците се базираат на 25-49 непондерирани случаи

(*) – Податоците се базираат на помалку од 25 непондерирани случаи

Околу 23 проценти оддецата на возраст помала од шест месеци се ексклузивно доени, а тоа е ниво кое е значително пониско оддадените препораки. На возраст од 12-15 месеци, 34 проценти оддецата сè уште се доени и на возраст од 20-23 месеци, 13 проценти сè уште се доени. Четири оддесет деца во Македонија доминантно се доени (44 проценти) во текот на првите 6 месеци.

Графиконот NU.3 го покажува детално образецот на доење според возраста на детето во месеци. Дури на најрана возраст, 60 проценти оддецата примаат течности или друга храна покрај мајчиното млеко. До крајот на шестиот месец, ниедно оддецата не е ексклузивно доено. Само околу 8 проценти оддецата примаат мајчино млеко или се доени по 2-годишна возраст.

Графикон NU.3: Времетраење на доењето



Табелата NU.4 го покажува средното времетраење на доењето според избрани основни карактеристики. Кај децата на возраст од 0-35 месеци, средното времетраење е 12.1 месеци за било кое доење, 1.3 месеци за ексклузивно доење, и 2.8 месеци за доминантно доење. Постојат разлики по региони, област и индекс на богатство.

Табела NU.4: Времетраење на доењето

Средно времетраење на секое доење, ексклузивно доење, и доминантно доење кај деца на возраст од 0-35 месеци, Македонија, 2011

	Средно траење (во месеци) на			Број на деца на возраст од 0-35 месеци
	Било кое доење[1]	Ексклузивно доење	Доминантно доење	
Пол				
Машки	8.1	1.2	2.2	399
Женски	11.4	.5	.6	417
Регион				
Вардарски	4.0	1.2	2.8	50
Источен	10.4	2.2	2.2	60
Југозападен	13.0	2.8	4.7	74
Југосточен	16.5	2.5	2.5	49
Пелагониски	9.3	.5	2.1	98
Полошки	7.6	.6	.7	154
Североисточен	11.0	.	.	78
Скопски	12.4	.6	.6	253
Област				
Урбана	10.2	.7	2.1	417
Рурална	9.5	.6	.7	398
Образование на мајката				
Основно или помалку	8.4	.6	.7	323
Средно	6.8	1.5	2.0	300
Високо	11.4	.5	.7	192
Индекс на квинтил на богатство				
Најсиромашен	9.7	.5	.5	190
Втор	5.9	.7	1.8	153
Среден	7.9	1.5	3.1	153
Четврт	10.2	.4	.5	158
Најбогат	10.5	1.7	2.7	161
Етничка припадност на главата на домаќинството				
Македонско	9.8	.6	1.6	406
Албанско	8.4	.6	.6	314
Друго	15.8	1.7	2.2	95
Медијана	**10.0**	**.6**	**1.3**	**815**
Средна вредност за сите деца (0-35 месеци)	**12.1**	**1.3**	**2.8**	**815**

[1] MICS индикатор 2.10

Соодветноста на исхраната на децата на возраст помала од 24 месеци е прикажана во Табела NU.5. Различните критериуми за соодветна исхрана се применуваат зависно од возраста на детето. За доенчиња на возраст од 0-5 месеци, ексклузивното доење се смета за исхрана која е соодветна на возраста, додека пак за доенчињата на возраст од 6-23 месеци се смета дека соодветно се хранат доколку се дојат и примаат цврста, полу-цврста и кашеста храна. 23 проценти од доенчињата на возраст од 0-5 месеци ексклузивно се дојат, додека пак 22 проценти од доенчињата на возраст од 6-23 месеци се дојат и примаат цврста, полу-цврста и кашеста храна. Како резултат на овие обрасци на хранење, само 22 проценти од децата на возраст од 0-23 месеци добиваат соодветна исхрана. Не постојат разлики во обрасците за исхрана во однос на индексот на богатство на домаќинствата или образовното ниво на мајката.

Табела NU.5: Доење соодветно на возраста

Процент на деца на возраст од 0-23 месеци кои биле соодветно доени во текот на претходниот ден, Македонија, 2011

	Деца на возраст од 0-5 месеци		Деца на возраст од 6-23 месеци		Деца на возраст од 0-23 месеци	
	Процент на ексклузивно доени деца[1]	Број на деца	Процент на деца кои се моментално доени и примаат цврста, полу-цврста и кашеста храна	Број на деца	Процент на соодветно доени деца[2]	Број на деца
Пол						
Машки	31.1	53	24.2	218	25.6	271
Женски	16.1	62	20.2	208	19.3	270
Област						
Урбана	21.1	58	26.8	210	25.6	268
Рурална	25.0	56	17.9	217	19.3	273
Образование на мајката						
Основно или помалку	(26.4)	49	20.7	167	22.0	216
Средно	(24.6)	31	23.4	166	23.6	197
Високо	(16.9)	35	23.2	94	21.5	129
Индекс на квинтил на богатство						
Најсиромашен	30.2	28	21.2	94	23.3	122
Втор	14.1	21	20.9	86	19.5	108
Среден	31.9	23	24.1	76	25.9	99
Четврт	6.7	20	20.6	91	18.1	111
Најбогат	28.1	22	25.2	79	25.8	101
Етничка припадност на главата на домаќинството						
Македонско	19.6	53	28.2	204	26.4	257
Албанско	(23.0)	46	8.2	170	11.3	216
Друго	(*)	15	44.7	53	42.5	68
Вкупно	**23.0**	**114**	**22.3**	**427**	**22.4**	**541**

[1] MICS индикатор 2.6

[2] MICS индикатор 2.14

( ) – Податоците се базираат на 25–49 непондерирани случаи.

(*) – Податоците се базираат на помалку од 25 непондерирани случаи

Соодветното дохранување на децата на возраст од 6 месеци до 2 години е особено важно за растот и развојот и за спречување на неисхранетоста. Продолженото доење по 6 месечна возраст треба да биде придружено со конзумирање на нутритивно доволна безбедна и соодветна дополнителна храна која помага да се задоволат нутритивните потреби кога мајчиното млеко не е веќе доволно. Кај децата кои се дојат, за тоа се потребни два или повеќе оброци со цврста, полу-цврста или кашеста храна доколку тие се на возраст од шест до осум месеци, и три или повеќе оброци доколку децата се на возраст од 9-23 месеци. За децата на возраст од 6-23 месеци и постари деца кои не се дојат, потребни се четири или повеќе оброци со цврста, полу-цврста или кашеста храна.

Во Македонија, 41 процент од децата на возраст од 6-8 месеци примиле цврста, полу-цврста или кашеста храна на денот пред интервјуто. Табелата NU.7 го прикажува процентот на деца на возраст од 6-23 месеци кои примале полу-цврста или кашеста храна минимален број на пати или повеќе во текот на денот или ноќта пред интервјуто според состојбата со доењето (види Белешка во Табела NU.7 за дефинирање на минималниот број на пати за разни возрасни групи). Во целина, две третини од сите деца на возраст од 6-23 месеци (65 проценти) примале цврста, полу-цврста или кашеста храна минимален број на пати. Кај повисок процент на машки деца (71 проценти) постигната е минималната зачестеност на оброци во споредба со женските деца (59 проценти).

Табела NU.7: Минимална зачестеност на оброците

Процент на деца на возраст од 6-23 месеци кои примале цврста, полу-цврста или кашеста храна (и хранење со млеко кај деца кои не се дојат) минимален број на пати или повеќе во текот на претходниот ден, според состојбата со доењето, Македонија, 2011

	Моментално се дојат		Моментално не се дојат			Сите	
	Процент кои примаат цврста, полу-цврста или кашеста храна минимален број на пати	Број на деца на возраст од 6-23 месеци	Процент кои примаат најмалку 2 млечни оброци[1]	Процент кои примаат цврста, полу-цврста или кашеста храна 4 пати или повеќе	Број на деца на возраст од 6-23 месеци	Процент со минимална зачестеност на оброците[2]	Број на деца на возраст од 6-23 месеци
Пол							
Машки	37.5	75	93.1	88.2	143	70.8	218
Женски	23.7	85	90.8	83.8	123	59.2	208
Возраст							
6-8 месеци	(28.2)	41	98.1	73.5	22	44.2	63
9-11 месеци	(14.0)	41	96.3	96.1	40	54.0	81
12-17 месеци	(42.6)	58	92.3	87.6	97	70.7	155
18-23 месеци	(*)	20	88.9	83.8	108	75.8	128
Област							
Урбана	38.2	80	91.3	88.6	129	69.3	210
Рурална	22.1	80	92.7	83.8	137	61.2	217
Образование на мајката							
Основно или помалку	32.2	58	96.2	81.9	109	64.7	167
Средно	32.1	60	87.8	88.1	106	67.8	166
Високо	(24.7)	42	91.8	91.2	52	61.4	94
Индекс на квинтил на богатство							
Најсиромашен	38.8	32	98.3	85.0	62	69.1	94
Втор	25.6	32	86.0	74.4	54	56.3	86
Среден	29.8	27	94.9	82.7	49	64.1	76
Четврт	30.0	36	87.9	93.5	55	68.5	91
Најбогат	26.6	33	92.6	96.4	46	67.4	79
Етничко потекло на главата на домаќинството							
Македонско	40.2	76	89.6	91.3	128	72.2	204
Албанско	10.7	53	93.6	79.1	117	57.9	170
Друго	(38.5)	31	(*)	(*)	22	61.2	53
Вкупно	**30.2**	**160**	**92.0**	**86.2**	**267**	**65.2**	**427**

[1] MICS индикатор 2.15

[2] MICS индикатор 2.13

( ) – Податоците се базираат на 25–49 непондерирани случаи.

(*) – Податоците се базираат на помалку од 25 непондерирани случаи

Кај децата на возраст од 6-8 месеци кои моментално се дојат, минималната зачестеност на оброците се дефинира како зачестеност во која децата примаат цврста, полу-цврста или кашеста храна 2 пати или повеќе. Кај децата на возраст од 9-23 месеци кои моментално се дојат, примање на цврста, полу-цврста или кашеста храна најмалку 3 пати претставува минимална зачестеност на оброците. За децата на возраст од 6-23 месеци кои не се дојат, минималната зачестеност на оброците се дефинира како зачестеност во која децата примаат цврста, полу-цврста или кашеста храна и млечни оброци, најмалку 4 пати во текот на денот.

Кај децата на возраст од 6-23 месеци кои моментално се дојат, речиси една третина од нив (30 проценти) примале цврста, полу-цврста или кашеста храна минимален број на пати и овој процент е највисок кај машките деца (38 проценти) во споредба со женските (24 проценти), и повеќе во урбаните отколку во руралните области и помеѓу Македонците.
Кај децата кои не се дојат, 86 проценти од децата примале цврста, полу-цврста или кашеста храна или млечни оброци 4 пати или повеќе.

Продолжената пракса за исхрана со шише со цуцла претставува загриженост бидејќи постои можност за контаминација заради небезбедна вода и/или недостиг на хигиена при подготвувањето. Табелата NU.8 покажува дека хранењето со шише сè уште преовладува во Македонија. 79 проценти од децата на возраст од 0-23 месеци се хранат со шише со цуцла.

Табела NU.8: Хранење со шише со цуцла

Процент на деца на возраст од 0-23 месеци кои биле хранети со шише со цуцла во текот на претходниот ден, Македонија, 2011

	Процент на деца на возраст од 0-23 месеци хранети со шише со цуцла[1]	Број на деца на возраст од 0-23 месеци
Пол		
Машки	82.2	271
Женски	76.5	270
Возраст		
0-5 месеци	64.6	114
6-11 месеци	77.5	144
12-23 месеци	86.2	283
Регион		
Вардарски	(87.0)	27
Источен	(84.5)	37
Југозападен	72.8	59
Југоисточен	(*)	24
Пелагониски	81.7	62
Полошки	75.1	103
Североисточен	86.9	54
Скопски	78.6	175
Област		
Урбана	82.2	268
Рурална	76.5	273
Образование на мајката		
Основно или помалку	74.1	216
Средно	85.1	197
Високо	79.2	129
Индекс на квинтил на богатство		
Најсиромашен	73.1	122
Втор	81.2	108
Среден	78.4	99
Четврт	79.1	111
Најбогат	86.0	101
Етничко потекло на главата на домаќинството		
Македонско	84.9	257
Албанско	74.9	216
Друго	72.6	68
Вкупно	**79.3**	**541**

[1] MICS индикатор 2.11

( ) – Податоците се базираат на 25–49 непондерирани случаи.

(*) – Податоците се базираат на помалку од 25 непондерирани случаи

Доење и исхрана на доенчиња и мали деца – Ромски населби

Табела NU.2R го покажува процентот на деца од ромските населби родени во последните де години пред истражувањето кои биле доени, кои биле доени еден час по раѓањето и еден ден по раѓањето, и деца кои примиле прихрана предда се почне со доењето. Иако тоа е многу важен чекор во справувањето на мајката со доењето и воспоставување на физичка и емоционална врска помеѓу бебето и мајката, само 39 проценти од бебињата биле за прв пат доени еден час по раѓањето, додека кај 76 проценти од новороденчињата во ромските населби во Македонија за прв пат биле доени еден ден по раѓањето. 96 проценти од бебињата биле доени, додека пак 18 проценти примиле прихрана предда се почне со доењето.

Табела NU.2R: Прво доење

Процент на деца родени во последните 2 години пред истражувањето кои биле доени, процент на деца кои биле доени еден час по раѓањето и деца кои биле доени еден ден по раѓањето и процент на деца кои примиле прихрана пред да се почне доењето, Ромски населби, 2011

	Процент на деца кои биле доени[1]	Процент на деца кои прво биле доени:		Процент на деца кои примиле прихрана пред да се почне доењето	Број на деца родени во последните 2 години пред истражувањето
		Еден час по раѓањето[2]	Еден ден по раѓањето		
Месеци од последното раѓање					
0-11 месеци	94.1	43.8	78.2	18.6	82
12-23 месеци	96.6	35.5	73.6	17.8	97
Помош при породување					
Стручно лице	95.5	38.6	75.5	18.1	182
Друго/ недостасува	(*)	(*)	(*)	(*)	1
Место на породување					
Јавно породилиште	95.5	37.9	75.2	18.3	180
Друго/ Недостасува	(*)	(*)	(*)	(*)	2
Образование на мајката					
Нема	(97.3)	(36.6)	(68.4)	(13.9)	41
Основно	97.0	38.7	80.1	19.4	120
Средно+	(84.2)	(41.6)	(61.7)	(20.9)	22
Вкупно	**95.5**	**38.6**	**75.3**	**18.3**	**182**

[1] MICS индикатор 2.4

[2] MICS индикатор 2.5

( ) – Податоците се базираат на 25–49 непондерирани случаи.

(*) – Податоците се базираат на помалку од 25 непондерирани случаи

Во Табелата NU.3R[15], состојбата со доењето се базира на кажувањата на мајките/негувателите за конзумирањето на храна и течности од страна на децата во периодот од 24 часа пред интервјуто. *Експклузивното доење се однесува на доенчиња кои добиле само мајчино млеко* (и витамини, минерали или лекови). Табелата го покажува експклузивното доење на доенчињата за време на првите шест месеци од животот, како и продолженото доење кај децата на возраст од 12-15 и 20-23 месеци. Заради малиот број на деца во конкретната старосна група, во Табелата се дадени резултатите за целиот примерок вкупно, без распределба според основните карактеристики.

Табела NU.3R: Доење

Процент на живи деца според состојбата со доењето кај избрани старосни групи, Ромски населби, 2011

	Деца на возраст од 0-5 месеци			Деца на возраст од 12-15 месеци		Деца на возраст од 20-23 месеци	
	Процент на деца кои се експклузивно доени[1]	Процент на доминантно доени деца[2]	Број на деца	Процент на доени деца (продолжено доење во 1-та година)[3]	Број на деца	Процент на доени деца (продолжено доење во 2-та година)[4]	Број на деца
Вкупно	**(32.1)**	**(67.6)**	**36**	**(52.8)**	**43**	**(54.7)**	**28**

[1] MICS индикатор 2.6

[2] MICS индикатор 2.9

[3] MICS индикатор 2.7

[4] MICS индикатор 2.8

( ) – Податоците се базираат на 25–49 непондерирани случаи.

Табелата NU.4R го покажува средното времетраење на доењето според избрани основни карактеристики. Кај ромските деца на возраст од 0-35 месеци, средното времетраење е 18 месеци за секој тип на доење, 2 месеци за експклузивното доење, и пет месеци за доминантното доење. Средното времетраење на секое доење кај момчињата е 22 месеци во споредба со 14 месеци кај девојчињата, додека пак податоците се споредливи кај машките и женските деца во однос на експклузивното и доминантното доење.

15 Основните карактеристики не се прикажани заради малиот број на случаи во распределените категории.

Табела NU.4R: Времетраење на доењето

Средно времетраење на секое доење, ексклузивното доење и доминантното доење кај деца на возраст од 0-35 месеци, Ромски населби, 2011

	Средно времетраење (во месеци) на			Број на деца на возраст од 0-35 месеци
	Било кое доење[1]	Ексклузивно доење	Доминантно доење	
Пол				
Машки	22.3	.6	2.7	137
Женски	13.6	2.1	5.5	141
Образование на мајката				
Нема	15.9	2.6	3.6	64
Основно	24.7	1.3	3.8	183
Средно+	(12.8)	(1.2)	(3.2)	32
Индекс на квинтил на богатство				
Најсиромашен	20.4	1.0	3.0	68
Втор	19.6	1.7	4.6	70
Среден	15.4	2.1	3.0	50
Четврт	16.0	2.6	4.8	46
Најбогат	(14.3)	(1.1)	(4.9)	44
Медијана	**17.9**	**1.6**	**3.8**	**278**
Средна вредност за сите деца (0-35 м) месеци)	**17.5**	**1.8**	**4.8**	**278**

[1] MICS индикатор 2.10

( ) – Податоците се базираат на 25–49 непондерирани случаи.

Соодветноста на исхраната на децата под 24-месечна возраст е дадена во Табела NU.5R. Различните критериуми за соодветноста на доењето се применуваат зависно од возраста на детето. За доенчињата на возраст од 0-5 месеци, ексклузивното доење се смета за исхрана која е соодветна за возраста, додека пак за доенчињата на возраст од 6-23 месеци се смета дека соодветно се хранат доколку добиваат мајчино млеко и цврста, полу-цврста и кашеста храна. Кај ромските деца на возраст од 0-5 месеци, 32 проценти се ексклузивно доени, додека пак 46 проценти од доенчињата на возраст од 6-23 месеци добиваат мајчино млеко и цврста, полу-цврста и кашеста храна. Како резултат на ваквите начини на исхрана, само 43 проценти од децата на возраст од 0-23 месеци соодветно се хранат.

Табела NU.5R: Доење соодветно на возраста

Процент на деца на возраст од 0-23 месеци кои биле соодветно доени во текот на претходниот ден, Ромски населби, 2011

	Деца на возраст од 0-5 месеци		Деца на возраст од 6-23 месеци		Деца на возраст од 0-23 месеци	
	Процент на ексклузивно доени деца[1]	Број на деца	Процент на деца кои моментално се доени и примаат цврста, полу-цврста и кашеста храна	Број на деца	Процент на соодветно доени деца[2]	Број на деца
Пол						
Машки	(*)	21	52.0	74	46.8	95
Женски	(*)	15	38.7	68	38.4	83
Образование на мајката						
Нема	(*)	4	(45.2)	35	(46.1)	39
Основно	(31.0)	27	50.5	92	46.1	119
Средно+	(*)	5	(*)	15	(17.2)	20
Вкупно	**(32.1)**	**36**	**45.6**	**142**	**42.9**	**178**

[1] MICS индикатор 2.6

[2] MICS индикатор 2.14

( ) – Податоците се базираат на 25–49 непондерирани случаи.

(*) – Податоците се базираат на помалку од 25 непондерирани случаи

Соодветното дохранување на децата на возраст од 6 месеци до 2 години е особено важно за растот и развојот и за спречување на неисхранетоста. Продолженото доење по 6 месечна возраст треба да биде придружено со конзумирање на нутритивно доволна, безбедна и соодветна дополнителна храна која помага да се задоволат нутритивните потреби кога мајчиното млеко не е веќе доволно. Кај децата кои се дојат, за тоа се потребни два или повеќе оброци со цврста, полу-цврста или кашеста храна доколку тие се на возраст од шест до осум месеци, и три или повеќе оброци доколку децата се на возраст од 9-23 месеци. За децата на возраст од 6-23 месеци и постари кои не се дојат, потребни се четири или повеќе оброци со цврста, полу-цврста или кашеста храна.

Табелата NU.7P го прикажува процентот на ромски деца на возраст од 6-23 месеци кои примале полу-цврста или кашеста храна минимален број на пати или повеќе во текот на денот или ноќта пред интервјуто според статусот на доењето (види Белешка во Табела NU.7 за дефиниција на минималниот број на пати за различни старосни групи). Севкупно, две третини од сите ромски деца на возраст од 6-23 месеци (63 проценти) примале цврста, полу-цврста или кашеста храна минимален број на пати.

Табела NU.7R: Минимална зачестеност на оброците

Процент на деца на возраст од 6-23 месеци кои примиле цврста, полуцврста или кашеста храна (и млечни оброци кај деца кои не се дојат) минимален број на пати или повеќе во текот на претходниот ден според статусот на доењето, Ромски населби, 2011

	Деца кои моментално се дојат		Деца кои моментално не се дојат			Сите	
	Процент на деца кои примале цврста, полу-цврста или кашеста храна минимален број на пати	Број на деца на возраст од 6-23 месеци	Процент на деца кои примаат најмалку 2 млечни оброци[1]	Процент на деца кои примаат цврста, полу-цврста или кашеста храна или млечни оброци 4 пати или повеќе	Број на деца на возраст од 6-23 месеци	Процент на деца со минимална зачестеност на оброци[2]	Број на деца на возраст од 6-23 месеци
Пол							
Машки	(53.2)	44	(83.9)	(92.4)	30	68.9	74
Женски	(37.8)	38	(68.6)	(77.6)	31	55.6	68
Возраст							
6-8 месеци	(*)	9	(*)	(*)	5	(*)	14
9-11 месеци	(*)	22	(*)	(*)	8	(46.3)	29
12-17 месеци	(53.7)	31	84.9	90.3	29	71.1	60
18-23 месеци	(*)	20	(*)	(*)	19	(61.6)	39
Образование на мајката							
Нема	(*)	18	(*)	(*)	17	(59.7)	35
Основно	45.7	59	77.3	(91.5)	33	62.3	92
Средно+	(*)	5	(*)	(*)	10	(*)	15
Индекс на квинтили на богатство							
Најсиромашен	58.1	22	(*)	(*)	10	65.0	32
Втор	35.9	25	(*)	(*)	16	61.0	41
Среден	32.5	15	(*)	(*)	14	52.2	29
Четврт	50.7	8	(*)	(*)	11	69.4	19
Најбогат	61.1	11	(*)	(*)	9	69.9	20
Вкупно	**46.1**	**82**	**76.1**	**84.9**	**60**	**62.5**	**142**

1 MICS индикатор 2.15

[2] MICS индикатор 2.13

( ) – Податоците се базираат на 25–49 непондерирани случаи.

(*) – Податоците се базираат на помалку од 25 непондерирани случаи

Кај децата на возраст од 6-8 месеци кои моментално се дојат, минималната зачестеност на оброците се дефинира како зачестеност во која децата примаат цврста, полу-цврста или кашеста храна 2 пати или повеќе. Кај децата на возраст од 9-23 месеци кои моментално се дојат, примање на цврста, полу-цврста или кашеста храна најмалку 3 пати претставува минимална зачестеност на оброците. За децата на возраст од 6-23 месеци кои не се дојат, минималната зачестеност на оброците се дефинира како зачестеност во која децата примаат цврста, полу-цврста или кашеста храна и млечни оброци, најмалку 4 пати во текот на денот.

Кај ромските деца на возраст од 6-23 месеци кои моментално се дојат, речиси една половина од нив (46 проценти) примале цврста, полу-цврста или кашеста храна минимален број на пати и овој процент е повисок кај машките деца. Кај децата кои не се дојат, околу 85 проценти оддецата примале цврста, полу-цврста или кашеста храна или млечни оброци 4 пати или повеќе.

Продолжената практика за хранење со шише претставува загриженост заради можната контаминација од небезбедна вода и/или недостиг на хигиена при подготвувањето. Табелата NU.8P покажува дека хранењето со шише е со висока преваленца кај ромската популација во Македонија. 68 проценти од ромските деца на возраст од 0-23 месеци се хранат со шише со цуцла. Во тој поглед не беше идентификувана разлика помеѓу девојчињата и момчињата.

Табела NU.8R: Хранење со шише со цуцла

Процент на деца на возраст од 0-23 месеци кои биле хранети со шише со цуцла во текот на претходниот ден, Ромски населби, 2011

	Процент на деца на возраст од 0-23 месеци хранети со шише со цуцла[1]	Број на деца на возраст од 0-23 месеци
Пол		
Машки	68.1	95
Женски	67.9	83
Возраст		
0-5 месеци	(48.2)	36
6-11 месеци	(74.9)	43
12-23 месеци	72.2	99
Образование на мајката		
Нема	(75.2)	39
Основно	63.4	119
Средно+	(*)	20
Индекс на квинтили на богатство		
Најсиромашни 60%	66.6	124
Најбогати 40%	71.3	54
Вкупно	**68.0**	**178**

[1] MICS индикатор 2.11

( ) – Податоците се базираат на 25–49 непондерирани случаи.

(*) – Податоците се базираат на помалку од 25 непондерирани случаи

Ниска родилна тежина

Тежината при раѓањето е добар показател не само за здравствената состојба на мајката и нејзината исхранетост, туку и за шансите на новороденчето да преживее, за негов/нејзин раст, долгорочно здравје и психосоцијален развој. Ниската родилна тежина (помала од 2,500 грама) со себе носи низа на тешки здравствени ризици за децата. Бебињата кои недоволно биле хранети во матката со соочуваат со зголемен ризик од умирање во текот на првите месеци или години. Оние кои преживуваат имаат нарушена функција на имунитетот и зголемен ризик од заболувања; кај нив голема е веројатноста да останат неисхранети, со намалена мускулна сила, во текот на целиот нивни живот, голем број од нив страдаат од дијабетес или срцеви заболувања подоцна во животот. Децата кои се родени со помала тежина, исто така покажуваат понизок коефициент на интелигенција и имаат когнитивна попреченост, што влијае на нивните остварувања во училиштето и на нивните можности за вработување како возрасни лица.

Ниската родилна тежина првенствено потекнува од лошото здравје и исхрана на мајката. Во индустријализираниот свет, пушењето цигари за време на бременоста е водечка причина за ниската родилна тежина. Тинејџерите кои раѓаат во време кога нивното тело сè уште не го завршило развојот, изложени се на ризик да родат бебиња под нормалната тежина.

Процентот на родени деца со тежина под 2500 грама се проценува од две ставки во прашалникот: проценката на мајката за големината на детето при раѓањето (т.е., многу мало, помало од просекот, просечно, поголемо од просекот, многу големо) и од сеќавањето на мајката за тежината на детето или евидентираната тежина во здравствениот картон доколку детето било мерено за тежина при раѓањето[16].

Севкупно, кај 96 проценти од раѓањата, децата биле мерени при раѓањето и околу 6 проценти од доенчињата се проценети дека тежеле помалку од 2500 грама при раѓањето (Табела NU.11).

Табела NU.11: Новороденчиња со ниска родилна тежина

Процент на деца родени во последните 2 години пред истражувањето, кои се проценети дека тежеле под 2500 грама при раѓањето и процент на живородени деца кои биле мерени за тежина при раѓањето, Македонија, 2011

	Процент на живородени:		Број на деца родени 2 години пред истражувањето
	Под 2500 грама[1]	Мерено при раѓање[2]	
Регион			
Вардарски	(4.3)	(97.3)	16
Источен	(6.2)	(97.5)	25
Југозападен	4.0	98.6	39
Југоисточен	(10.6)	(100.0)	16
Пелагониски	8.2	98.7	42
Полошки	6.2	91.3	69
Североисточен	(3.6)	(95.2)	37
Скопски	4.6	97.3	118
Област			
Урбана	5.0	98.4	178
Рурална	6.0	94.4	183
Образование на мајката			
Основно или помалку	6.0	93.6	146
Средно	5.9	98.1	128
Високо	4.2	98.3	88
Индекс на квинтил на богатство			
Најсиромашен	7.1	91.7	84
Втор	5.2	93.6	70
Среден	5.0	99.7	64
Четврт	3.8	98.7	75
Најбогат	6.2	99.2	68
Етничка припадност на главата на домаќинството			
Македонско	5.7	99.0	171
Албанско	5.5	92.1	146
Друго	5.1	100.0	45
Вкупно	**5.5**	**96.3**	**362**

[1] MICS индикатор 2.18

[2] MICS индикатор 2.19

( ) – Податоците се базираат на 25–49 непондерирани случаи.

16 За детален опис на методологијата, види Boerma, J. T., Weinstein, K. I., Rutstein, S.O., and Sommerfelt, A. E. , 1996. Data on Birth Weight in Developing Countries: Can Surveys Help? Bulletin of the World Health Organization, 74(2), 209-16.

Ниска родилна тежина – Ромски населби

Севкупно, 94 проценти од новороденчиња биле измерени при раѓањето, и приближно 11 проценти од новороденчињата се проценува дека тежеле помалку од 2500 грама при раѓањето (Табела NU.11R).

Табела NU.11R: Новороденчиња со ниска родилна тежина

Процент на деца родени последните 2 години пред истражувањето кои се проценети дека имаат тежина под 2500 грама при раѓањето и процент на живородени кои биле мерени при раѓањето, Ромски населби, 2011

	Процент на живородени деца:		Број деца родени во последните две години пред истражувањето
	Под 2500 грама[1]	Мерени при раѓање[2]	
Образование на мајката			
Нема	(12.9)	(97.9)	41
Основно	10.8	92.2	120
Средно+	(*)	(*)	22
Индекс на квинтил на богатство			
Најсиромашни 60%	10.8	93.7	129
Најбогати 40%	12.0	94.9	54
Вкупно	**11.2**	**94.0**	**182**

[1] MICS индикатор 2.18

[2] MICS индикатор 2.19

( ) – Податоците се базираат на 25–49 непондерирани случаи.

(*) – Податоците се базираат на помалку од 25 непондерирани случаи

VI ЗДРАВЈЕТО НА ДЕТЕТО

Имунизација

Милениумската развојна цел (MDG) 4 се однесува на намалување на смртноста кај децата за две третини во периодот помеѓу 1990 и 2015. Имунизацијата има клучна улога за остварувањето на оваа цел. Со имунизацијата се зачувани животите на милиони деца во трите децении откако беше воведена Проширената програма за имунизација (EPI) во 1974. Ширум светот, сè уште има 27 милиони деца кои не се опфатени со рутинската имунизација и како резултат на тоа секоја година има повеќе од 2 милиони смртни случаи од болести кои може да се спречат преку вакцинација.

Целта на Свет по мерка на децата е да се обезбеди целосна имунизација за децата под 1-годишна возраст до 90 проценти на национално ниво, со најмалку 80 проценти опфат во секоја околија или слична административна единица.

Според упатствата на UNICEF и WHO, детето треба да прими BCG вакцина за да се заштити од туберкулоза, три дози на DPT за да се заштити од дифтерија, пертусис и тетанус, и три дози од вакцината полио (против детска парализа) и вакцина против морбили до возраст од 12 месеци.

Распоредот за вакцинација (календар за имунизација) според Националната програма за имунизација на Македонија ги обезбедува сите горе наведени вакцини, како и три дози на вакцини против Хепатитис Б и против Haemophilus influenza тип B (HiB) и една доза за рубеола и морбили. Сите вакцини треба да се примат во текот на првата година од животот. Имајќи го предвид овој распоред за вакцинација, проценките за целосно опфатена имунизација во MICS за Македонија се базираат за децата на возраст од 18-29 месеци.

Календар за имунизација

Возраст	Заболување	Вакцинација Ревакцинација
До 24 часа од раѓањето, 1 и 6 месеци	Хепатитис B (3 дози)	Вакцинација
До 12 месеци	туберкулоза (без тестирање) I доза	Вакцинација
2, 3 и 5 месеци	Haemophilus influenza тип B (Hib)(3 дози)	Вакцинација
2, 3 и 5 месеци	Дифтерија, пертусис и тетанус (3 дози)	Вакцинација
2, 3 и 5 месеци	Полио (3 дози - три типа на орална вакцина)	Вакцинација
12 месеци	Морбили, рубеола, заушки (1 доза)	Вакцинација

Информациите за опфатот со имунизација беа собрани за сите деца на возраст под 5 годишна возраст. Од сите мајки и негователи беше побарано да ги обезбедат картоните за вакцинација. Доколку картонот за вакцинација на детето беше на располагање, анкетарите ги препишуваа информациите од картонот во прашалникот за MICS. Доколку картонот за вакцинација на детето не беше на располагање, анкетарот ја прашуваше мајката да се потсети дали детето ги има примено сите вакцини, и колкав број на дози биле применени за полио, DPT и Хепатитис Б. Покрај тоа, анкетарот ја проверуваше и медицинската евиденција за сите деца, која се чува во здравствените установи каде децата биле вакцинирани. Конечните проценки за опфатот со имунизација се базираат на информациите кои се добиени од картоните за вакцинација, кажувањето на мајката за тоа кои вакцини ги има примено детето и од медицинската евиденција во здравствените установи.

Табела CH.1: Имунизација во првата година од животот

Процент на деца на возраст од 18-29 месеци кои се вакцинирани против детските болести во било кое време пред истражувањето и пред првиот роденден (до 18-месечна возраст против морбили), Македонија, 2011

	Вакцинирано во било кое време пред истражувањето според:			Вакцинирано до 12 месечна возраст (18-месечна возраст против морбили)
	Картон за вакцинација или евиденција на здр.установа	Кажување на мајката	Едно од двете	
BCG[1]	**95.9**	**1.8**	**97.6**	**97.0**
Polio				
1	96.2	1.8	97.9	97.9
2	96.2	1.8	97.9	97.2
[32]	94.9	1.8	96.7	92.5
DPT				
1	96.2	1.8	97.9	97.9
2	96.2	1.8	97.9	97.9
[33]	94.3	.9	95.2	91.9
Морбили[4]	**94.3**	**1.8**	**96.0**	**91.6**
HepB				
При раѓање	96.1	1.8	97.8	97.4
1	92.1	4.8	96.9	96.5
2	90.7	4.8	95.5	90.6
HIB				
1	97.0	.9	97.9	97.9
2	96.3	.9	97.2	96.8
3	94.4	.9	95.3	93.5
Сите вакцини	**84.7**	**6.6**	**91.3**	**79.2**
Не вакцинирано	**.0**	**2.1**	**2.1**	**2.1**
Број на деца на возраст од 18-29 месеци	**270**	**270**	**270**	**270**

[1] MICS индикатор 3.1;

[2] MICS индикатор 3.2;

[3] MICS индикатор 3.3

[4] MICS индикатор 3.4; MDG Индикатор 4.3

Процентот на деца на возраст од 18 до 29 месеци, кои ги имаат примено секоја од конкретните вакцини според и картонот за вакцинација и/или сеќавањето на мајката е прикажан во Табела CH.1. Именителот за Табелата се состои од деца на возраст од 18-29 месеци, така што се бројат само децата кои се доволно стари за да ги примат сите вакцини. Во првите три колони од табелата, броителот ги вклучува сите деца кои биле вакцинирани во било кое време пред истражувањето според картонот за вакцинација или сеќавањето на мајката. Во последната колона, вклучени се само оние деца кои биле вакцинирани пред првиот роденден, како што се препорачува. За децата за кои нема картон за вакцинација, процентот на вакцини кои се применети пред првиот роденден се претпоставува дека е ист како за децата кои имаат картони за вакцинација.

Графиконот CH.1 го прикажува процентот на деца кои ги примиле препорачаните вакцини до 12 месечна возраст (или до 18 месечна возраст за морбили). Приближно 97 проценти од децата примиле BCG вакцина до 12 месечна возраст - првата и втората доза на DPT им била дадена на 98 проценти од децата, но третата доза на DPT им била дадена само на 92 проценти.. Исто така, 98 проценти од децата примиле Polio 1 до 12 месечна возраст, но опфатот со полио вакцината опаѓа до 92 проценти за третата доза. Опфатот со вакцина против морбили до 18 месечна возраст е понизок отколку за другите вакцини. Примарната причина е дека иако 96 проценти од децата ја примиле вакцината, само 92 проценти ја примиле до 18 месечна возраст. Исто така, постои мало опаѓање во однос на вакцинацијата за Хепатитис B од 97 проценти за првата и втората доза до 91 процент за третата доза, што покажува мала стапка на опаѓање од помалку од 6 проценти. Вакцинација за Hib до 12 месечна возраст била спроведена за приближно 98 проценти деца на возраст од 18-29 месеци за првата доза, 97 проценти за втората доза и 94 проценти за третата доза. Процентот на деца кои ги примиле сите препорачани вакцини до нивниот прв роденден е низок и изнесува само 79 проценти.

Графикон CH.1: Процент на деца на возраст од 12-23 месеци кои ги примиле препорачаните вакцини до 12 месеци, Македонија, 2011



Табелата CH.2 ги покажува проценките за опфатот со вакцинација најдецата на возраст од 18-29 месеци според основните карактеристики. Бројките укажуваат на децата кои ги примиле вакцините во било кое време до денот на истражувањето, и се базираат на информациите како од картоните за вакцинација, така и од кажувањата на мајките/негувателите. Анкетарите ги виделе картоните за вакцинација само за 89 проценти оддецата.

Табела CH.2: Вакцинација според основни карактеристики

Процент на деца на возраст од 18-29 месеци кои моментално се вакцинирани против детски болести според картоните за вакцинација или евиденцијата на здравствените установи, Македонија, 2011

	Процент на деца кои примиле:																	
		Polio			DPT				HepB			HIB					Процент на видени картони за вакц.	Број на деца на возраст од 18-29 месеци
	BCG	1	2	3	1	2	3	Морбили	На раѓање	1	2	1	2	3	Ниту една	Сите		
Пол																		
Машки	96.5	97.1	97.1	97.1	97.1	97.1	95.3	95.9	96.8	95.0	94.6	97.0	95.5	94.3	2.9	90.2	87.9	132
Женски	98.8	98.8	98.8	96.3	98.8	98.8	95.1	96.1	98.8	98.8	96.3	98.8	98.8	96.2	1.2	92.4	90.8	138
Област																		
Урбана	98.1	98.7	98.7	96.5	98.7	98.7	93.5	95.5	98.4	96.7	94.1	98.7	98.7	95.5	1.3	88.5	89.7	132
Рурална	97.2	97.2	97.2	96.8	97.2	97.2	96.8	96.6	97.2	97.2	96.8	97.2	95.7	95.0	2.8	94.0	89.0	138
Образование на мајката																		
Основно или помалку	94.8	94.8	94.8	94.8	94.8	94.8	94.8	94.8	94.5	94.5	94.5	94.8	92.9	92.3	5.2	91.9	87.2	107
Средно	100.0	100.0	100.0	99.2	100.0	100.0	99.2	96.4	100.0	100.0	100.0	100.0	100.0	99.2	.0	95.6	94.3	107
Високо	98.5	100.0	100.0	95.3	100.0	100.0	88.1	97.7	100.0	95.7	88.6	100.0	100.0	93.2	.0	81.9	84.2	55
Индекс на богатство																		
Најсиромашен	92.7	92.7	92.7	92.7	92.7	92.7	92.7	92.7	92.2	92.2	92.2	92.7	89.5	86.9	7.3	86.3	92.7	63
Втор	100.0	100.0	100.0	98.9	100.0	100.0	98.9	94.2	100.0	100.0	100.0	100.0	100.0	98.9	.0	94.2	100.0	59
Среден	98.0	98.0	98.0	96.2	98.0	98.0	96.2	96.2	98.0	98.0	98.0	98.0	98.0	98.0	2.0	96.2	98.0	49
Четврт	(100.0)	(100.0)	(100.0)	(98.9)	(100.0)	(100.0)	(94.0)	(98.1)	(100.0)	(95.1)	(91.0)	(100.0)	(100.0)	(96.8)	(.0)	(89.1)	(90.1)	48
Најбогат	98.4	100.0	100.0	97.1	100.0	100.0	94.0	100.0	100.0	100.0	96.1	100.0	100.0	97.1	.0	91.4	100.0	51
Етничка припадност на главата на д																		
Македонско	98.1	98.7	98.7	96.4	98.7	98.7	96.4	97.1	98.7	98.7	96.1	98.7	98.7	96.0	1.3	93.8	91.9	131
Албанско	97.7	97.7	97.7	97.2	97.7	97.7	93.7	95.0	97.4	95.3	94.8	97.7	95.8	94.9	2.3	87.9	87.1	111
Друго	(95.4)	(95.4)	(95.4)	(95.4)	(95.4)	(95.4)	(95.4)	(95.4)	(95.4)	(95.4)	(95.4)	(95.4)	(95.4)	(93.2)	(4.6)	(93.2)	(86.9)	28
Вкупно	**97.6**	**97.9**	**97.9**	**96.7**	**97.9**	**97.9**	**95.2**	**96.0**	**97.8**	**96.9**	**95.5**	**97.9**	**97.2**	**95.3**	**2.1**	**91.3**	**89.4**	**270**

( ) – Податоците се базираат на 25–49 непондерирани случаи.

Имунизација – Ромски населби

Процентот на деца на возраст од 18 до 29 месеци, кои ги примиле секоја од наведените вакцини според изворот на информации (картон за вакцинација или сеќавањето на мајката) е прикажан во Табела CH.1R. Именителот за Табелата се состои од деца на возраст од 18-29 месеци, така што се бројат само децата кои се доволно стари за да ги примат сите вакцини. Во првите три колони од табелата, броителот ги вклучува сите деца кои биле вакцинирани во било кое време пред истражувањето според картонот за вакцинација или сеќавањето на мајката. Во последната колона, вклучени се само оние деца кои биле вакцинирани пред првиот роденден, како што се препорачува. За децата за кои нема картон за вакцинација, процентот на вакцини кои се применети пред првиот роденден се претпоставува дека е ист како за децата кои имаат картони за вакцинација.

Табела CH.1R: Имунизација во првата година од животот

Процент на деца на возраст од 18-29 месеци кои се вакцинирани против детски болести во било кое време пред истражувањето и пред првиот роденден (до 18-месечна возраст против морбили), Ромски населби, 2011

	Вакцинирани во било кое време пред истражувањето според:			Вакцинација до 12-месечна возраст (18 месечна возраст за морбили)
	Картон за вакцинација или евиденција на здравствена установа	Изјава на мајката	Било кое од нив	
BCG[1]	**98.2**	**.0**	**98.2**	**96.6**
Polio				
1	98.2	.0	98.2	95.2
2	94.4	.0	94.4	85.9
3[2]	91.0	.0	91.0	80.2
DPT				
1	**98.2**	**.0**	**98.2**	**95.2**
2	95.4	.0	95.4	85.9
3[3]	90.9	.0	90.9	77.9
Морбили[4]	**96.3**	**.0**	**96.3**	**88.9**
Хепатитис B				
При раѓање	97.7	1.2	98.9	98.9
1	94.4	2.7	97.0	95.8
2	90.4	1.3	91.7	85.3
HIB				
1	98.2	.0	98.2	96.0
2	95.4	.0	95.4	91.3
3	94.3	.0	94.3	90.3
Сите вакцини	**83.6**	**5.6**	**89.2**	**63.1**
Не се вакцинирани	**.0**	**1.1**	**1.1**	**1.1**
Број на деца на возраст од 18-29 месеци	**86**	**86**	**86**	**86**

[1] MICS Индикатор 3.1;

[2] MICS индикатор 3.2;

[3] MICS индикатор 3.3

[4] MICS индикатор 3.4; MDG индикатор 4.3

Графиконот CH.1R го прикажува процентот на деца кои ги примиле препорачаните вакцини до 12 месечна возраст (и до 18 месечна возраст за морбили). Приближно 97 проценти од децата во ромските населби примиле BCG вакцина до 12-месечна возраст- а првата доза на DPT била дадена на 95 проценти, но за втората и третата доза на DPT тоа опаѓа на 86 проценти и 78 проценти соодветно. Исто така, 95 проценти од ромските деца примиле Polio 1 до 12-месечна возраст и тоа опаѓа до 80 проценти за третата доза. 96 проценти од ромските деца примиле вакцина за морбили, а само 89 проценти ја примиле вакцината до 18-месечна возраст. Исто така, постои големо опаѓање кај вакцинацијата за Хепатитис B од 99 проценти за првата доза дадена на раѓање до 96 проценти за втората доза, и 85 проценти за третата доза, што претставува големо опаѓање од 14 проценти. Вакцината за Hib била дадена до возраст од 12 месеци на приближно 96 проценти од ромските деца на возраст од 18-29 месеци (прва доза), 91 проценти за втората доза и 90 проценти за третата доза. Процентот на ромски деца кои ги примиле сите препорачани вакцини до првиот роденден е низок, односно само 63 проценти.

Графикон CH.1R: Процент на деца на возраст од 12-23 месеци кои ги примиле препорачаните вакцини до 12 месеци, Ромски населби, 2011



Табелата CH.2R ги прикажува проценките за опфатот со вакцинација кај децата на возраст од 18-29 месеци според основните карактеристики. Бројките укажуваат на децата кои примиле вакцини во било кое време пред истражувањето, и се базираат на информациите добиени од картоните за вакцинација, кажувањата на мајките/негувателите и здравствената евиденција. Анкетарите виделе картони за вакцинација или евиденција на здравствените установи за 99 проценти од ромските деца (100 проценти за женските деца). Само 1 процент од ромските деца не биле вакцинирани со ниедна вакцина. 99 проценти примиле вакцина за Хепатитис B при раѓањето, додека пак 98 проценти биле вакцинирани со BCG, и првата доза за полио, DPT и HiB и 96 проценти со вакцината за морбили. Она што може да се забележи од Табела CH.2R е повисоката стапка на невакцинирани девојчиња, иако податоците се базираат на 25-49 непондерирани случаи.

Табела CH.2R: Вакцинација според основни карактеристики

Процент на деца на возраст од 18-29 месеци кои моментално се вакцинирани против детски болести според картоните за вакцинација или евиденцијата на здравствените установи, Ромски населби, 2011

	Процент на деца кои примиле:																Процент со виден картон за вакцинација или здр. евиденција	Број на деца на возраст од 18-29 месеци
	BCG	Polio			DPT			Морбили	НерВ			HIB			Ниедна	Сите		
		1	2	3	1	2	3		На раѓање	1	2	1	2	3				
Пол																		
Машки	(98.0)	(98.0)	(96.7)	(96.7)	(98.0)	(96.7)	(94.2)	(97.0)	(98.0)	(98.0)	(94.2)	(98.0)	(96.7)	(96.7)	(2.0)	(93.3)	(98.0)	45
Женски	(98.4)	(98.4)	(91.8)	(84.8)	(98.4)	(94.0)	(87.3)	(95.5)	(100.0)	(96.1)	(89.1)	(98.4)	(93.9)	(91.6)	(.0)	(84.8)	(100.0)	42
Вкупно	**98.2**	**98.2**	**94.4**	**91.0**	**98.2**	**95.4**	**90.9**	**96.3**	**98.9**	**97.0**	**91.7**	**98.2**	**95.4**	**94.3**	**1.1**	**89.2**	**98.9**	**86**

( ) – Податоците се базираат на 25–49 непондерирани случаи.

Преваленца на дијареја

Дијарејата е втората водечка причина за смртност кај децата под 5-годишна возраст ширум светот. Повеќето смртни случаи оддијареја се должат на дехидрирање заради загуби на голема количина вода и електролити од телото во течната столица. Справувањето со дијареја – или преку орална рехидратација со соли (ORS) или препорачана домашна течност (RHF) – може да спречи многу од овие смртни случаи. Спречувањето на дехидратацијата и потхранетоста преку зголемено внесување на течности и континуирано хранење на детето се важни стратегии за справување со дијарејата.

Целите на Свет по мерка на детето се да се намали за половина смртноста заради дијареја кај децата под 5-годишна возраст до 2010 споредено со 2000 и да се намали појавата на дијареја за 25 проценти. Милениумската развојна цел е да се намали стапката на смртност за две третини кај децата под 5-годишна возраст до 2015 во споредба со 1990.

Во MICS , преваленцата на дијареја беше проценета преку прашување на мајките или негувателите дали нивното дете под 5-годишна возраст имало дијареја две седмици пред истражувањето.

Севкупно, 6 проценти оддецата под 5-годишна возраст имале дијареја две седмици пред истражувањето (Табела CH.4). Преваленцата на дијареја кај децата е скоро еднаква во руралните (7 проценти) и во урбаните области (6 проценти) што укажува на добри услови за вода и санитарен систем во руралните области.

Табела CH.4: Преваленца на дијареја

Процент на деца на возраст од 0-59 месеци со дијареја во последните две седмици, Македонија, 2011

	Имало дијареја во последните 2 седмици	Број на деца на возраст од 0-59 месеци
Пол		
Машки	7.0	692
Женски	5.8	684
Област		
Урбана	5.9	701
Рурална	6.9	675
Типот на услуги кои бремените жени ги добиваат за време на предродилната здравствена заштита се прикажани во Табела RH.8. Кај жените кои родиле живо дете две години пред истражувањето, 96 проценти се изјасниле дека за време на посетите за предродилна здравствена заштита им била земена крв за испитување, 97 проценти се изјасниле дека им бил проверуван крвниот притисок, и 95 проценти дека била земена урина за анализа. Севкупно, мерење на крвниот притисок, земени урина и крв за анализа било направено кај 94 процент од жените.

Табела RH.8: Содржина на предродилната здравствена заштита

Процент на жени на возраст од 15-49 години на кои им бил мерен крвниот притисок, и била земена урина и крв за анализа како дел од предродилната здравствена заштита, 2011

	Процент на бремени жени на кои:				
	Измерен крвниот притисок	Земена урина за анализа	Земена крв за анализа	Измерен крвниот притисок, земена урина и крв за анализа[1]	Број на жени кои имаат родено живо дете во последните 2 години
Регион					
Вардарски	(100.0)	(100.0)	(100.0)	(100.0)	16
Источен	(93.8)	(88.8)	(89.7)	(88.0)	25
Југозападен	94.1	94.1	94.1	94.1	39
Југоисточен	(100.0)	(100.0)	(97.6)	(97.6)	16
Пелагониски	99.0	99.0	99.0	98.1	42
Полошки	98.6	95.6	96.2	95.6	69
Североисточен	(91.1)	(94.3)	(94.3)	(91.1)	37
Скопски	96.6	94.3	96.0	92.7	118
Област					
Урбана	97.3	98.2	98.9	96.4	178
Рурална	95.7	92.2	92.8	91.8	183
Возраст на мајката при раѓањето					
Помалку од 20	(99.0)	(94.8)	(96.3)	(94.8)	31
20-34	96.3	95.0	95.6	93.9	319
35-49	(*)	(*)	(*)	(*)	12
Образование					
Основно или помалку	94.7	92.1	92.5	90.9	146
Средно	96.4	96.0	96.9	94.2	128
Високо	99.6	99.1	99.6	99.1	88
Индекс на квинтили на богатство					
Најсиромашен	95.2	88.7	89.5	88.7	84
Втор	96.3	95.9	97.2	94.2	70
Среден	94.4	95.1	94.5	93.8	64
Четврт	100.0	99.4	99.7	99.2	75
Најбогат	96.5	97.8	99.1	95.2	68
Етничко потекло на главата на домаќинството					
Македонско	98.0	97.9	98.4	96.8	171
Албанско	96.0	92.1	92.8	92.1	146
Друго	92.7	94.5	95.4	89.9	45
Вкупно	**96.5**	**95.2**	**95.8**	**94.1**	**362**

[1] MICS индикатор 5.6

( ) – Податоците се базираат на 25–49 непондерирани случаи.

(*) – Податоците се базираат на помалку од 25 непондерирани случаи

Предродилна здравствена заштита – Ромски населби

Типот на стручен кадар кој обезбедил предродилна здравствена заштита на жените на возраст од 15-49 години и кои се породиле во текот на претходните две години е прикажан во Табела RH.6R. Резултатите покажуваат дека релативно мал број на жени од ромските населби не добиле предродилна здравствена заштита. Најголем дел од предродилната здравствена заштита го обезбедува стручен кадар (94 проценти).

Табела RH.6R: Опфат на предродилната здравствена заштита

Процент на жени на возраст од 15-49 години кои се породиле во претходните две години пред истражувањето според тип на стручно лице кое обезбедило предродилна здравствена заштита за време на бременоста за последното раѓање, Ромски населби, 2011

	Лице кое обезбедило предродилна здравствена заштита	Не е добиена предродилна здравствена заштита	Вкупно	Било кое стручно лице[1]	Број на жени кои родиле живи деца во претходните две години
	Лекар				
Возраст на мајката при раѓањето					
Помалку од 20	(100.0)	(.0)	(100)	(100.0)	31
20-34	92.8	7.2	100	92.8	143
35-49	(*)	(*)	(*)	(*)	9
Образование					
Нема	(88.4)	(11.6)	(100)	(88.4)	41
Основно	94.9	5.1	100	94.9	120
Средно +	(100.0)	(.0)	(100)	(100.0)	22
Индекс на квинтили на богатство					
Најсиромашни 60%	92.2	7.8	100	92.2	128
Најбогати 40%	98.3	1.7	100	98.3	54
Вкупно	**94.0**	**6.0**	**100**	**94.0**	**182**

[1] MICS индикатор 5.5a; MDG индикатор 5.5

( ) – Податоците се базираат на 25–49 непондерирани случаи.

(*) – Податоците се базираат на помалку од 25 непондерирани случаи

UNICEF и WHO препорачуваат најмалку четири посети на здравствена установа за предродилна здравствена заштита. Табелата RH.7R го покажува бројот на посети за предродилна здравствена заштита за време на последната бременост во последните две години пред истражувањето, независно оддавателот на тие услуги според избрани карактеристики. Околу девет оддесет мајки (86 проценти) добиле предродилна здравствена заштита четири или повеќе пати. Од сите ромски жени, 6 проценти од жените не посетиле здравствена установа за предродилна здравствена заштита, 2 процент биле само на една посета, 2 проценти имале две посети и 4 проценти имале три посети. На пример, 81 проценти од жените кои живеат во најсиромашните 60 проценти домаќинства пријавиле четири или повеќе посети за предродилна здравствена заштита во споредба со 95 проценти од оние кои живеат во најбогатите 40 проценти домаќинства.

Табела RH.7R: Број на посети за предродилна здравствена заштита

Процент на жени кои родиле живо дете во претходните две години пред истражувањето според број на посети на здравствени установи за предродилна здравствена заштита, Македонија, 2011

	Процент на жени кои имале:					Вкупно	Број на жени кои родиле живи деца во последните две години
	Ниту една посета за предродилна здравствена заштита	Една посета	Две посети	Три посети	4 или повеќе посети[1]		
Возраст на мајката при раѓањето							
Помалку од 20	(.0)	(1.9)	(.0)	(5.4)	(92.7)	100.0	31
20-34	7.2	1.6	2.8	4.4	84.1	100.0	143
35-49	(*)	(*)	(*)	(*)	(*)	100.0	9
Образование							
Нема	(11.6)	(1.4)	(5.6)	(2.3)	(79.0)	100.0	41
Основно	5.1	1.9	.6	3.9	88.5	100.0	120
Средно +	(.0)	(.0)	(4.2)	(10.6)	(85.2)	100.0	22
Индекс на квинтили на богатство							
Најсиромашни 60%	7.8	2.6	3.4	5.2	81.0	100.0	128
Најбогати 40%	1.7	.0	1.7	1.7	94.8	100.0	54
Вкупно	**6.0**	**1.6**	**2.2**	**4.3**	**85.9**	**100.0**	**182**

[1] MICS индикатор 5.5b; MDG индикатор 5.5

( ) – Податоците се базираат на 25–49 непондерирани случаи.

(*) – Податоците се базираат на помалку од 25 непондерирани случаи

Типот на услуги кои бремените жени ги добиле за време на предродилната здравствена заштита се прикажани во Табела RH.8R. Кај ромските жени кои имаат живородено дете во текот на двете години пред истражувањето, 87 проценти изјавиле дека за време на посетите за преродилна здравствена заштита им била земена крв за анализа, 86 проценти пријавиле дека им бил измерен крвниот притисок,а 85 проценти дека била земена урина за анализа. Мерење на крвниот притисок и земени крв и урина за анализа било направено кај 83 проценти од ромските жени.

Табела RH.8R: Содржина на предродилната здравствена заштита

Процент на жени на возраст од 15-49 години на кои им бил измерен крвниот притисок, им биле земени крв и урина за анализа како дел од предродилната здравствена заштита, Ромски населби, 2011

	Процент на бремени жени кои:				Број на жени кои родиле живи деца во последните две години
	Измерен крвниот притисок	Земена урина за анализа	Земена крв за анализа	Измерен крвен притисок, земена урина и крв за анализа[1]	
Возраст на мајката при раѓањето					
Помалку од 20	(88.3)	(95.0)	(95.0)	(88.3)	31
20-34	85.0	82.8	84.6	81.0	143
35-49	(*)	(*)	(*)	(*)	9
Образование					
Нема	(74.4)	(74.4)	(74.4)	(74.4)	41
Основно	89.0	86.4	88.6	84.2	120
Средно +	(90.4)	(100.0)	(100.0)	(90.4)	22
Индекс на квинтили на богатство					
Најсиромашни 60%	79.3	81.0	81.9	78.4	128
Најбогати 40%	94.8	94.8	98.3	91.4	54
Вкупно	**85.9**	**85.3**	**86.7**	**82.7**	**182**

[1] MICS индикатор 5.6

( ) – Податоците се базираат на 25–49 непондерирани случаи.

(*) – Податоците се базираат на помалку од 25 непондерирани случаи

Помош при породување

Три четвртини од сите смртни случаи на мајки се случуваат за време на породувањето или во периодот веднаш по породувањето. Единствената најважна интервенција за безбедно мајчинство е да се обезбеди дека на секое породување има присутен компетентен здравствен работник кој има акушерски вештини, и на располагање да има превоз за упатување на медицинска нега во друго породилиште во итни случаи. Целта на Свет по мерка на децата е да се обезбеди дека за жените има готов и достапен пристап до стручна нега при породувањето. Индикаторите се однесуваат на процентот на раѓања со стручно лице и процент на породувања во установа. Индикаторот за присутно стручно лице при породувањето исто така се користи за да се следи напредокот кон Милениумските развојни цели за намалување на стапката на смртност кај мајките за три четвртини во периодот помеѓу 1990 и 2015.

Во истражувањето MICS вклучени се одреден број на прашања за да се процени процентот на раѓања на кои присуствувало стручно лице. *Стручно лице* значи лекар, медицинска сестра, акушерка или бабица.

Околу 98 проценти од раѓањата во последните две години предда се спроведе истражувањето MICS биле извршени во присуство на стручно лице (Табела RH.9). Со помош на лекар биле извршени 87 проценти од раѓањата, а 9 проценти од породувањата се извршени со помош на медицинска сестра.

Царски рез е една од најчестите хируршки процедури ширум светот со проценета зачестеност со стапка од 33 проценти. Зачестеноста на царски рез варира од 4 проценти во земјите во развој до повеќе од 30 проценти во најразвиените земји. Ширум светот има зголемување во бројот на тие породување без медицинска помош. Интервенцијата зависи од тоа колку може жените да си ја дозволат, така што бремените жени од побогатите домаќинства можат да ги покријат трошоците за процедурата. На национално ниво, една од четири во Македонија се породува со царски рез. Процентот на жени кои се породиле со царски рез е висок во урбаните области и кај жените од најбогатиот квинтил, кои имаат високо образование, и каде главата на домаќинството е од македонско етничко потекло.

Табела RH.9: Помош при породувањето

Процент на жени на возраст од 15-49 години кои родиле живо дете 2 години пред истражувањето со помош при породувањето и процент на породувања со царски рез, Македонија, 2011

	Лица кои пружиле помош при породувањето						Без помош	Вкупно	Породување со помош од стручно лице[1]	Процент на породувања со царски рез[2]	Број на жени кои родиле живи дева 2 години пред истражувањето
	Лекар	Медицинска сестра/ бабица	Акушерка	Лице кое традиционално присуствува на породувањето	Роднина/ пријател	Друг					
Регион											
Вардарски	(88.0)	(3.7)	(8.3)	(.0)	(.0)	(.0)	(.0)	100.0	(100.0)	(17.4)	16
Источен	(84.9)	(.8)	(3.3)	(9.8)	(.0)	(1.2)	(.0)	100.0	(98.8)	(12.4)	25
Југозападен	94.7	.0	4.5	.9	.0	.0	.0	100.0	100.0	30.3	39
Југоисточен	(100.0)	(.0)	(.0)	(.0)	(.0)	(.0)	(.0)	100.0	(100.0)	(49.2)	16
Пелагониски	97.0	1.8	.0	1.2	.0	.0	.0	100.0	100.0	27.1	42
Полошки	69.5	3.2	24.4	2.9	.0	.0	.0	100.0	100.0	14.2	69
Североисточен	(87.6)	(1.4)	(1.6)	(.0)	(.0)	(9.4)	(.0)	100.0	(90.6)	(22.5)	37
Скопски	89.7	2.9	3.7	1.7	.9	.4	.7	100.0	98.0	29.9	118
Област											
Урбана	91.5	1.8	3.8	1.1	.0	1.3	.5	100.0	98.3	33.8	178
Рурална	82.6	2.4	10.3	2.9	.6	1.1	.0	100.0	98.3	16.3	183
Возраст на мајката при раѓањето											
Помалку од 20	(93.1)	(2.7)	(.6)	(2.6)	(.0)	(1.0)	(.0)	100.0	(99.0)	(9.4)	31
20-34	86.0	2.1	8.0	2.1	.3	1.3	.3	100.0	98.1	26.1	319
35-49	(*)	(*)	(*)	(*)	(*)	(*)	(*)	100.0	(*)	(*)	12
Место на породување											
Јавна здравствена установа	87.9	1.5	7.5	2.1	.0	.7	.3	100.0	99.1	23.1	332
Приватна здравствена установа	(*)	(*)	(*)	(*)	(*)	(*)	(*)	100.0	(*)	(*)	23
Друго/ Недостасува	(*)	(*)	(*)	(*)	(*)	(*)	(*)	100.0	(*)	(*)	6
Образование											
Основно или помалку	81.0	1.3	13.4	3.1	.0	1.2	.0	100.0	98.8	15.2	146
Средно	89.3	2.2	4.1	.9	.8	2.0	.7	100.0	96.5	26.7	128
Високо	93.7	3.4	.9	2.0	.0	.0	.0	100.0	100.0	38.4	88
Индекс на квинтили на богатство											
Најсиромашен	70.7	2.2	19.6	5.1	1.2	1.3	.0	100.0	97.5	10.9	84
Втор	91.1	.8	3.0	1.2	.0	4.0	.0	100.0	96.0	21.2	70
Среден	94.7	2.1	2.1	1.1	.0	.0	.0	100.0	100.0	31.8	64
Четврт	90.2	1.7	6.8	1.3	.0	.0	.0	100.0	100.0	21.8	75
Најбогат	92.3	4.0	.9	.8	.0	.8	1.3	100.0	98.0	43.0	68
Етничко потекло на главата на домаќинството											
Македонско	92.6	2.5	3.9	.5	.0	.5	.0	100.0	99.5	31.4	171
Албанско	80.9	2.0	11.6	2.4	.7	2.4	.0	100.0	96.9	18.7	146
Друго	85.4	1.2	4.7	6.8	.0	.0	1.9	100.0	98.1	20.4	45
Вкупно	**87.0**	**2.1**	**7.1**	**2.0**	**.3**	**1.2**	**.2**	**100.0**	**98.3**	**24.9**	**362**

[1] MICS индикатор 5.7; MDG индикатор 5.2

[2] MICS индикатор 5.9

( ) – Податоците се базираат на 25–49 непондерирани случаи.

(*) – Податоците се базираат на помалку од 25 непондерирани случаи

Помош при породување – Ромски населби

Скоро 100 проценти од раѓањата во последните две години пред спроведувањето на истражувањето MICS биле извршени од стручни лица (Табела RH.9R).Кај 93 проценти од раѓањата помошта при породувањето била обезбедена одлекари; кај 6 проценти од раѓањата тоа било направено од бабици/акушерки и медицински сестри; а кај 1 процент од породувањата помошта била обезбедена оддруго лице (на пример лице кое традиционално е присутно на породувањето или роднина/пријател).

Речиси една од осум ромски жени е породена со царски рез.

Табела RH.9R: Помош при породувањето

Процент на жени кои родиле живо дете на возраст од 15-49 години во последните две години пред истражувањето според лице кое пружило помош при породувањето и процент на породувања со царски рез, Ромски населби, 2011

	Лице кое пружило помош при породувањето					Без помош	Вкупно	Породување со помош од стручно лице[1]	Процент на породувања со царски рез[2]	Број на жени кои родиле живи дева 2 години пред истражувањето
	Лекар	Медицинска сестра/ бабица	Акушерка	Лице кое традиционално присуствува на породување	Роднина/ Пријател					
Возраст на мајката при породувањето										
Помалку од 20	(94.9)	(5.1)	(.0)	(.0)	(.0)	(.0)	100.0	(100.0)	(6.6)	31
20-34	91.5	3.2	3.4	1.2	.4	.3	100.0	99.3	14.2	143
35-49	(*)	(*)	(*)	(*)	(*)	(*)	100.0	(*)	(*)	9
Место на породување										
Јавна здравствена установа	92.9	3.4	2.7	1.0	.0	.0	100.0	100.0	13.3	180
Друго/Недостасува	(*)	(*)	(*)	(*)	(*)	(*)	100.0	(*)	(*)	3
Образование										
Нема	(92.3)	(3.3)	(.0)	(2.1)	(1.4)	(.9)	100.0	(97.7)	(10.5)	41
Основно	93.1	4.0	2.1	.8	.0	.0	100.0	100.0	13.6	120
Средно +	(89.4)	(.0)	(10.6)	(.0)	(.0)	(.0)	100.0	(100.0)	(15.4)	22
Индекс на богатство										
Најсиромашни 60%	91.4	3.4	1.7	1.7	.9	.9	100.0	98.3	12.9	128
Најбогати 40%	91.4	5.2	3.4	.0	.0	.0	100.0	100.0	19.0	54
Вкупно	**92.5**	**3.4**	**2.7**	**1.0**	**.3**	**.2**	**100.0**	**99.5**	**13.1**	**182**

[1] MICS индикатор 5.7; MDG индикатор 5.2

[2] MICS индикатор 5.9

( ) – Податоците се базираат на 25–49 непондерирани случаи.

(*) – Податоците се базираат на помалку од 25 непондерирани случаи

Место на породување

Зголемувањето на процентот на породувања кои се вршат во здравствени установи претставува важен фактор за намалување на ризиците по здравјето на мајката и новороденчето. Соодветната медицинска грижа и хигиенските услови во текот на породувањето може да го намалат ризикот од компликации и инфекции, кои пак може да предизвикаат морбидност и смртност кај мајката или новороденчето. Во Табелата RH.10 прикажан е процентот на жени на возраст од 15-49 години кои имаат родено живо дете во последните две години пред истражувањето според местото на породување и процент на породувања кои се извршени во здравствена установа според некои основни карактеристики.

98 проценти од породувањата во Македонија се вршат во здравствена установа; 92 проценти од породувањата се вршат во јавни здравствени установи и 7 проценти во приватни здравствени установи. Само 0.3 проценти од породувањата се вршат во домашни услови. Процентот е висок како во урбаните (99 проценти) така и во руралните области (98 проценти), и кај жените со високо образовно ниво и кои се од побогатите домаќинства.

Табела RH.10: Место на породување

Процент на жени на возраст од 15-49 години кои родиле живо дете две години пред истражувањето според местото на породување, Македонија, 2011

	Место на породување					Вкупно	Породувања во здравствена установа[1]	Број на жени кои родиле живо дете две години пред истражувањето
	Јавна здравствена установа	Приватна здравствена установа	Дома	Друго	Недостасува/ не знае			
Регион								
Вардарски	(100.0)	(.0)	(.0)	(.0)	(.0)	100.0	(100.0)	16
Источен	(98.8)	(.0)	(.0)	(.0)	(1.2)	100.0	(98.8)	25
Југозападен	99.4	.0	.0	.0	.6	100.0	99.4	39
Југоисточен	(92.3)	(7.7)	(.0)	(.0)	(.0)	100.0	(100.0)	16
Пелагониски	100.0	.0	.0	.0	.0	100.0	100.0	42
Полошки	95.6	1.0	.0	.9	2.4	100.0	96.6	69
Североисточен	(95.2)	(.0)	(.0)	(.0)	(4.8)	100.0	(95.2)	37
Скопски	80.9	18.2	.9	.0	.0	100.0	99.1	118
Област								
Урбана	86.7	12.6	.0	.4	.4	100.0	99.3	178
Рурална	97.1	.5	.6	.0	1.8	100.0	97.6	183
Возраст на мајката при раѓањето								
Помалку од 20	(99.0)	(.0)	(.0)	(.0)	(1.0)	100.0	(99.0)	31
20-34	91.5	6.8	.3	.2	1.2	100.0	98.3	319
35-49	(*)	(*)	(*)	(*)	(*)	100.0	(*)	12
Број на посети за предродилна здравствена заштита								
Нема	(*)	(*)	(*)	(*)	(*)	100.0	(*)	5
1-3 посети	(*)	(*)	(*)	(*)	(*)	100.0	(*)	7
4+ посети	92.5	6.8	.0	.2	.5	100.0	99.3	339
Недостасува/не знае	(*)	(*)	(*)	(*)	(*)	100.0	(*)	10
Образование								
Основно или пониско	97.0	.0	.0	.4	2.5	100.0	97.0	146
Средно	97.5	1.5	.8	.0	.2	100.0	99.0	128
Високо	75.4	24.6	.0	.0	.0	100.0	100.0	88
Индекс на квинтили на богатство								
Најсиромашен	95.5	.0	1.2	.8	2.5	100.0	95.5	84
Втор	97.0	1.5	.0	.0	1.5	100.0	98.5	70
Среден	99.7	.0	.0	.0	.3	100.0	99.7	64
Четврт	98.2	1.8	.0	.0	.0	100.0	100.0	75
Најбогат	68.3	30.8	.0	.0	.9	100.0	99.1	68
Етничко потекло на главата на домаќинството								
Македонско	88.4	11.4	.0	.0	.2	100.0	99.8	171
Албанско	96.3	.5	.7	.0	2.5	100.0	96.8	146
Друго	91.2	7.3	.0	1.4	.0	100.0	98.6	45
Вкупно	**91.9**	**6.5**	**.3**	**.2**	**1.1**	**100.0**	**98.4**	**362**

[1] MICS индикатор 5.8

( ) – Податоците се базираат на 25–49 непондерирани случаи.

(*) – Податоците се базираат на помалку од 25 непондерирани случаи

Место на породување – Ромски населби

Зголемувањето на процентот на породувања кои се вршат во здравствени установи претставува важен фактор за намалување на ризиците по здравјето на мајката и новороденчето. Соодветната медицинска грижа и хигиенските услови во текот на породувањето може да го намалат ризикот од компликации и инфекции, кои пак може да предизвикаат морбидност и смртност кај мајката или новороденчето. Во Табелата RH.10R прикажан е процентот на жени на возраст од 15-49 години кои имаат родено живо дете во последните две години пред истражувањето според местото на породување и процент на породувања кои се извршени во здравствена установа според некои основни карактеристики.

99 проценти од породувањата во ромските населби во Македонија се вршат во здравствена установа; 98 проценти од породувањата се вршат во јавни здравствени установи и 1 процент во приватни здравствени установи. Само 0.2 проценти од породувањата се вршат во домашни услови.

Табела RH.10R: Место на породување

Процент на жени на возраст од 15-49 години кои родиле живо дете во последните две години пред истражувањето, Ромски населби, 2011

	Место на породување					Вкупно	Породувања во здравствена установа[1]	Број на жени кои родиле живо дете две години пред истражувањето
	Јавна здравствена установа	Приватна здравствена установа	Дома	Друго	Недостасува/ Не знае			
Возраст на мајката при раѓањето								
Помалку од 20	(100.0)	(.0)	(.0)	(.0)	(.0)	100.0	(100.0)	31
20-34	97.9	.9	.3	.4	.5	100.0	98.8	143
35-49	(*)	(*)	(*)	(*)	(*)	100.0	(*)	9
Број на посети за предродилна здравствена заштита								
Нема	(*)	(*)	(*)	(*)	(*)	100.0	(*)	11
1-3 посети	(*)	(*)	(*)	(*)	(*)	100.0	(*)	15
4+ посети	98.1	.8	.2	.4	.5	100.0	98.9	157
Образование								
Нема	(97.7)	(.0)	(.9)	(1.4)	(.0)	100.0	(97.7)	41
Основно	98.3	1.0	.0	.0	.6	100.0	99.4	120
Средно +	(100.0)	(.0)	(.0)	(.0)	(.0)	100.0	(100.0)	22
Индекс на квинтили на богатство								
Најсиромашни 60%	97.4	.9	.9	.9	.0	100.0	98.3	128
Најбогати 40%	98.3	.0	.0	.0	1.7	100.0	98.3	54
Вкупно	**98.4**	**.7**	**.2**	**.3**	**.4**	**100.0**	**99.1**	**182**

[1] MICS индикатор 5.8

( ) – Податоците се базираат на 25–49 непондерирани случаи.

(*) – Податоците се базираат на помалку од 25 непондерирани случаи

Прекин на бременост

Во истражувањето MICS за Македонија, беа додадени група на прашања кон прашалникот за жени во однос на спонтан абортус, мртвородени деца и абортуси. Информациите беа собрани од сите жени на возраст од 15-49 години. Жените беа запрашани дали некогаш имале спонтан абортус, дали породувањето завршило со смрт на новороденчето и дали имале абортус, и доколку да, тие беа запрашани за бројот на спонтани абортуси, за бројот на мртвородени новороденчиња и за бројот на абортуси. Покрај тоа, подетални информации беа собрани за индуцирани абортуси во последните две години, вклучително и времетраењето на бременоста во моментот на прекин на бременоста и месецот и годината на прекинот на бременоста.

Табелата RH.18 го покажува бројот на живородени деца, спонтани абортуси, абортуси и мртвородени деца кај жените на возраст од 15-49 години. Просечниот број на живородени деца по жена изнесува 1.3. Просечниот број на спонтани абортуси по жена е 0.2, додека пак случаите на мртвородени деца се ретки (блиску до 0 по жена). Како што е прикажано во Табелата RH.18, 11 проценти од жените на возраст од 15-49 години имале најмалку еден индуциран абортус во нивниот живот. Не се утврдени разлики во однос на искуствата со абортусот кога се прави споредба меѓу областите, индексот на квинтили на богатство и образованието на жената. Процентот на жени кои некогаш имале индуциран абортус се зголемува со возраста. Беа утврдени некои разлики меѓу регионите, на пример,ените во полошкиот регион е поверојатно да имале абортус, со речиси една од шест жени кои имале најмалку еден индуциран абортус.

RH.18: Искуство со прекин на бременост во животот

Среден или просечен број на живородени деца, спонтани абортуси, индуцирани абортуси и мртвородени деца, и процент на жени кои некогаш имале индуциран абортус, Македонија, 2011

	Среден или просечен број на:				Процент на жени со најмалку еден индуциран абортус	Број на Жени
	Живо родени деца	Спонтани абортуси	Индуцирани абортуси	Мртвородени деца		
Возраст						
15-19	.0	.0	.0	.0	.0	530
20-24	.3	.0	.0	.0	1.8	541
25-29	.9	.1	.0	.0	3.9	574
30-34	1.7	.2	.1	.0	7.9	567
35-39	1.9	.2	.2	.1	13.9	545
40-44	2.2	.2	.3	.1	20.0	555
45-49	2.3	.3	.5	.1	26.9	519
Област						
Урбана	1.2	.2	.2	.0	9.7	2092
Рурална	1.5	.2	.2	.0	11.5	1739
Регион						
Вардарски	1.3	.2	.2	.0	10.3	243
Источен	1.3	.1	.1	.0	10.2	258
Југозападен	1.5	.1	.1	.0	6.4	353
Југоисточен	1.4	.1	.2	.0	11.5	317
Пелагониски	1.2	.1	.1	.0	10.0	512
Полошки	1.4	.2	.3	.1	17.2	597
Североисточен	1.4	.2	.1	.0	5.1	385
Скопски	1.3	.2	.2	.0	10.2	1166
Образование						
Основно или помалку	2.0	.2	.3	.1	16.5	1174
Средно	1.2	.1	.1	.0	9.2	1682
Високо	.8	.1	.1	.0	5.7	976
Индекс на квинтили на богатство						
Најсиромашен	1.6	.2	.2	.1	10.1	695
Втор	1.5	.2	.2	.0	12.4	725
Среден	1.3	.2	.2	.0	12.4	782
Четврт	1.2	.1	.1	.0	8.6	791
Најбогат	1.2	.1	.1	.0	9.4	839
Вкупно	**1.3**	**.2**	**.2**	**.0**	**10.5**	**3831**

Табелата RH.19 ги покажува стапките на абортуси кај конкретна возраст, стапките на вкупно абортуси (TAR), и општата стапка на абортуси (GAR). Сите овие стапки на абортуси се однесуваат на двегодишниот период пред истражувањето. Стапките на абортуси за конкретна возраст го изразуваат просечниот број на абортуси на 1,000 жени во старосни групи од по 5 години. Стапката на вкупно абортуси (TAR), која е изразена по жена, е сумирана мерка на стапките за конкретни возрасти. TAR се толкува како број на абортуси која жената ги има во текот на животот доколку таа спаѓа во моменталната забележана стапка на абортуси на конкретна возраст за време на годините додека таа може да раѓа деца. Општата стапка на абортуси (GAR) е број на абортуси на 1,000 жени на возраст од 15-49 години.

Стапките на абортуси за конкретна возраст нагло се зголемуваат по 19-годишна возраст, и тие стапки се највисоко во старосните групи од 25-29 и 30-34 години. Стапките на абортуси се повисоки во руралните отколку во урбаните области. Вкупната стапка на прекин на бременост (абортус) во Македонија изнесува 0.2. Општата стапка на прекин на бременост (абортус) изнесува 4 на 1000 жени.

RH.19: Искуство со прекин на бременост во животот

Среден или просечен број на живородени деца, спонтани абортуси, индуцирани абортуси и мртвородени деца, и процент на жени кои некогаш имале индуциран абортус, Македонија, 2011

	Област		Вкупно
	Урбана	Рурална	
Возраст			
15-19	0	0	0
20-24	6	1	4
25-29	7	11	8
30-34	6	9	8
35-39	2	10	5
40-44	3	8	5
45-49	0	2	1
TAR 15-49	**0.1**	**0.2**	**0.2**
GAR	**2.9**	**5.8**	**4.2**

Табелата RH.20 ги покажува стапките на вкупно индуцирани абортуси (TAR) според основни карактеристики. Како што може да се види од табелата, TAR е речиси два пати повисока во руралните области отколку во урбаните области. TAR се намалува како што се зголемува образовното ниво.

RH.20: Стапки на индуциран прекин на бременост

Стапка на вкупно абортуси кај жени на возраст од 15-49 години две години пред истражувањето и среден број на абортуси кај жени на возраст од 40-49 години, Македонија, 2011

	Стапка на вкупно абортуси кај жени на возраст од 15-49 години	Среден број на абортуси кај жени на возраст од 40-49 години
Област		
Урбана	.1	.4
Рурална	.2	.4
Образование		
Основно или пониско	(.3)	.5
Средно	(.1)	(.4)
Високо	(.1)	(*)
Индекс на богатство		
Најсиромашни 60%	.2	.5
Најбогати 40%	.1	.3
Вкупно	**.2**	**.4**

( ) – Податоците се базираат на 25–49 непондерирани случаи.

(*) – Податоците се базираат на помалку од 25 непондерирани случаи

Прекин на бременост – Ромски населби

Табелата RH.18R го покажува просечниот број на живородени деца, спонтани абортуси, абортуси и мртвородени деца кај ромските жени на возраст од 15-49 години. Просечниот број на раѓање на живи деца на една жена е 2. Додека просечниот број на спонтани абортуси по жена е 0.2, мртвороденчињата се ретки (0.03 на жена). Исто така, Табелата RH.18R покажува дека 23 проценти од жените на возраст од 15-49 години имале најмалку по еден индуциран абортус во текот на животот. Не постојат разлики во однос на искуството со абортуси и индексот на квинтили на богатство. Стапката на индуцирани абортуси е повисока кај помалку образованите ромски жени. Процентот на жени кои имале индуциран абортус се зголемува со возраста.

RH.18R: Искуство со прекин на бременост во животот

Среден број на живородени деца, спонтани абортуси, индуцирани абортуси и мртвороденчиња, и процент на жени кои имале индуциран абортус, Ромски населби, 2011

	Среден број на:				Процент на жени со најмалку еден индуциран абортус	Број на жени
	Живи родени деца	Спонтани абортуси	Индуцирани абортуси	Мртвородени деца		
Возраст						
15-19	.2	.1	.0	.0	1.0	173
20-24	1.2	.1	.1	.0	9.5	190
25-29	2.1	.2	.3	.0	16.7	166
30-34	2.6	.2	.6	.0	30.5	172
35-39	2.7	.3	.9	.0	38.5	112
40-44	3.0	.4	1.2	.1	37.8	149
45-49	3.0	.2	1.0	.1	39.6	129
Образование						
Нема	2.8	.2	.7	.0	25.9	183
Основно	2.2	.2	.6	.0	25.9	724
Средно +	.7	.1	.1	.0	8.8	184
Индекс на квинтили на богатство						
Најсиромашен	2.6	.2	.7	.0	24.2	200
Втор	2.3	.3	.7	.0	22.0	202
Среден	1.9	.1	.5	.0	22.3	214
Четврт	1.8	.2	.4	.0	21.9	231
Најбогат	1.7	.2	.5	.0	24.4	244
Вкупно	**2.0**	**.2**	**.6**	**.0**	**23.0**	**1091**

Табелата RH.19R ги покажува стапките на абортус кај конкретни возрасти, вкупната стапка на абортуси (TAR), и општите стапки на абортуси (GAR). Сите стапки на абортуси се однесуваат на двегодишниот период пред истражувањето. Стапките на абортуси за конкретна возраст ги изразуваат просечниот број на абортуси на 1,000 жени распределени во старосни групи од по пет години. Стапката на вкупно абортуси (TAR), која е изразена по жена, е сумирана мерка на стапките за конкретни возрасти. TAR се толкува како број на абортуси која жената ги има во текот на животот доколку таа спаѓа во моментално забележаната стапка на абортуси за конкретна старосна група во текот на годините кога таа може да раѓа деца. Општата стапка на абортуси (GAR) е број на абортуси на 1,000 жени на возраст од 15-49 години.

Стапките на абортуси за конкретна возраст нагло се зголемуваат по 19-годишна возраст и се највисоки кај старосните групи од 25-29 и 30-34 години. Вкупната стапка на абортуси во ромските населби изнесува 0.9 абортуси на една жена. Општата стапка на абортуси е 29 на 1000 жени.

RH.19R: Стапки на индуциран прекин на бременост

Стапки на абортуси кај конкретна возраст (на 1000 жени), вкупна стапка на абортуси (TAR), и општа стапка на абортуси (GAR) за две-годишниот период пред истражувањето, Ромски населби, 2011

	Вкупно
Возраст	
15-19	6
20-24	30
25-29	39
30-34	67
35-39	(28)
40-44	14
45-49	(0)
TAR 15-49	**(.9)**
GAR	**28.6**

(*) – Податоците се базираат на помалку од 25 непондерирани случаи

IX ДЕТСКИ РАЗВОЈ

Образование и учење во раното детство

Подготвеноста на децата за основно училиште може да се подобри преку посетување на програми за образование во раното детство или преку посета на предучилишно образование. Програмите за образование во раното детство вклучуваат програми за деца со организирани компоненти за учење наспроти чувањето на деца и центрите за дневната грижа кои вообичаено немаат организирано образование и учење.

Во Македонија, 22 проценти од децата на возраст од 36-59 месеци посетуваат организирано образование во раното детство (Табела CD.1). Постојат значителни разлики помеѓу урбаните и руралните области – посетеноста изнесува 37 проценти во урбаните области, во споредба со 6 проценти во руралните области. 56 проценти од децата кои живеат во богати домаќинства посетуваат такви програми, додека пак тој процент опаѓа на 0.3 проценти во сиромашните домаќинства. Интересно е да се забележи дека процентите на деца кои посетуваат програми за образование во раното детство на возраст од 36-47 месеци (23 проценти) и 48-59 месеци (21 проценти) се многу слични. Децата на мајките со високо образование и каде главата на домаќинството е со македонско етничко потекло е поверојатно да посетуваат програми за образование во раното детство.

Нашироко е прифатено дека периодот на рапиден развој на мозокот се случува во првите 3-4 години од животот, и квалитетот на домашна грижа е главна одредница за детскиот развој во текот на овој период. Во овој контекст, ангажирањето на возрасните во активностите со децата, присуството на книги за децата во домот, и условите за грижа се важни индикатори за квалитетот на домашната грижа. Децата треба да бидат физички здрави, ментално агилни, емоционално сигурни и подготвени за учење.

Со истражувањето беа собрани информации за бројот на активности со кои се поддржува раното учење. Тука спаѓа вклученоста на возрасните во следните активности со децата: читање книги или разгледување сликовници, раскажување приказни, пеење песнички, прошетки за децата надвор од домот на игралишта, игри со децата, и поминување време со децата за учење на називи, броење, или цртање.

За речиси сите (92 проценти) од децата на возраст од 36-59 месеци, возрасен член од домаќинството бил

Табела CD.1: Образование во раното детство

Процент на деца на возраст од 36-59 месеци кои посетуваат организирани програми за образование во раното детство, Македонија, 2011

	Процент на деца на возраст од 36-59 месеци кои моментално посетуваат програми за образование во раното детство[1]	Број на деца на возраст од 36-59 месеци
Пол		
Машки	24.5	293
Женски	18.7	267
Регион		
Вардарски	44.3	51
Источен	24.0	49
Југозападен	10.3	47
Југоисточен	(29.8)	34
Пелагониски	21.2	58
Полошки	5.9	102
Североисточен	(16.9)	58
Скопски	27.6	162
Област		
Урбана	37.2	284
Рурална	5.9	277
Возраст на детето		
36-47 месеци	22.9	276
48-59 месеци	20.6	285
Образование на мајката		
Основно или помалку	1.4	222
Средно	29.0	222
Високо	46.5	117
Индекс на квинтили на богатство		
Најсиромашен	.3	126
Втор	6.7	119
Среден	12.9	102
Четврт	37.4	102
Најбогат	55.9	112
Етничко потекло на главата на домаќинството		
Македонско	36.5	302
Албанско	2.9	206
Друго	10.8	52
Вкупно	**21.8**	**561**

[1] MICS индикатор 6.7

( ) – податоците се базираат на 25–49 непондерирани случаи.

ангажиран во четири или повеќе активности со кои се промовира учењето и подготвеноста за училиште во текот на 3 дена пред истражувањето (Табела CD.2). Просечниот број на активности во кои возрасните биле ангажирани со децата е пет. Табелата, исто така покажува дека вклученоста на таткото во една или повеќе активности била само 71 процент. 4 проценти од децата живеат во домаќинства без нивниот татко.

Табела CD.2: Поддршка за учење

Процент на деца на возраст од 36-59 месеци со кои е ангажиран возрасен член на домаќинството во активности со кои се промовира учењето и подготвеноста за училиште во последните три дена пред истражувањето, Македонија, 2011

	Процент на деца на возраст од 36-59 месеци		Среден број на активности			
	Со кои возрасен член на семејството се ангажирал во четири или повеќе активности[1]	Со кои таткото се ангажирал во една или повеќе активности[2]	Било кој возрасен член на домаќинството кој е ангажиран со детето	Татко ангажиран со детето	Процент на деца кои не живеат со нивниот биолошки татко	Број на деца на возраст од 36-59 месеци
Пол						
Машки	91.6	75.9	5.3	1.8	4.1	293
Женски	91.3	65.8	5.3	1.9	3.5	267
Регион						
Вардарски	93.9	81.3	5.3	2.3	6.1	51
Источен	85.5	78.1	5.2	2.3	4.8	49
Југозападен	91.5	75.9	5.5	2.2	2.8	47
Југоисточен	(87.6)	(66.1)	(5.2)	(1.4)	(4.9)	34
Пелагониски	91.1	70.4	5.3	2.2	.6	58
Полошки	91.4	53.4	5.2	1.1	6.1	102
Североисточен	(99.0)	(92.9)	(5.6)	(2.5)	(2.2)	58
Скопски	90.8	68.9	5.2	1.8	3.2	162
Област						
Урбана	94.1	78.5	5.5	2.2	4.3	284
Рурална	88.8	63.5	5.1	1.5	3.3	277
Возраст						
36-47 месеци	92.8	71.1	5.3	1.9	2.8	276
48-59 месеци	90.1	71.0	5.3	1.8	4.8	285
Образование на мајката						
Основно или помалку	84.9	58.4	4.9	1.2	4.2	222
Средно	96.0	77.4	5.5	2.3	4.0	222
Високо	95.3	83.0	5.7	2.4	2.8	117
Образование на таткото						
Основно или помалку	84.0	64.1	4.9	1.3	.0	170
Средно	94.2	74.7	5.4	2.1	.0	275
Високо	96.7	87.5	5.6	2.7	.0	94
Таткото не е во домаќинството	(*)	(*)	(*)	(*)	(*)	21
Индекс на квинтили на богатство						
Најсиромашен	81.3	58.2	4.8	1.2	4.1	126
Втор	89.8	63.3	5.1	1.6	7.5	119
Среден	93.4	78.4	5.4	2.0	4.2	102
Четврт	98.6	80.1	5.6	2.2	1.0	102
Најбогат	96.3	78.8	5.7	2.5	2.0	112
Етничко потекло на главата на домаќинството						
Македонско	94.6	79.2	5.5	2.3	3.0	302
Албанско	90.7	59.8	5.1	1.2	3.8	206
Друго	76.5	68.4	4.8	1.7	9.1	52
Вкупно	**91.5**	**71.1**	**5.3**	**1.9**	**3.8**	**561**

[1] MICS индикатор 6.1

[2] MICS индикатор 6.2

( ) – Податоците се базираат на 25–49 непондерирани случаи.

(*) – Податоците се базираат на помалку од 25 непондерирани случаи

Не постојат разлики меѓу половите во однос на активностите на возрасните со децата; меѓутоа, поголем процент од татковците се ангажирани во активности со машките деца (96 проценти) отколку со женските деца (66 проценти). Исто така, поголем е процентот во најбогатите домаќинства (76 проценти) наспроти оние кои живеат во најсиромашните домаќинства (81 процент). Оние кои имаат повисоко образование е поверојатно да бидат ангажирани околу децата.

Изложеноста на детето на рана возраст на книги не само што му овозможува да стекне поголемо разбирање за разни печатени концепти туку исто така детето има можност да види други како читаат, како што се постарите браќа и сестри додека ги работат домашните задачи. Присуството на книги е важно за понатамошниот успех на училиште. Мајките/негувателите на сите деца под 5-годишна возраст беа запрашани за бројот на детски книги или сликовници кои тие ги имаат за детето, предмети во домаќинството или предмети од надвор, и домашно изработени играчки или купени играчки од продавница кои им се на располагање на децата дома.

Во Македонија, само 52 проценти од децата на возраст од 0-59 месеци живеат во домаќинство каде има најмалку три детски книги за детето (Табела CD.3). Процентот на деца со 10 или повеќе книги опаѓа на 36 проценти. Иако не се забележани разлики во однос на полот, децата од урбаните области се чини дека имаат поголем пристап до детски книги отколку оние кои живеат во руралните домаќинства. Процентот на деца под 5 годишна возраст кои имаат три или повеќе детски книги изнесува 66 проценти во урбаните области, во споредба со 38 проценти во руралните области. Присуството на детски книги е во позитивна корелација со возраста на детето; во домот на 66 проценти од децата на возраст од 24-59 месеци, има по 3 или повеќе детски книги, и 32 проценти за децата на возраст од 0-23 месеци.

Кај домаќинствата кај кои има по 10 или повеќе детски книги или сликовници, постојат регионални разлики , така што највисоки 48 проценти има во Скопскиот, а најниски (11 проценти) има во полошкиот регион. Тоа е различно отколку кај оние кои имаат по 3 или повеќе книги, каде највисокиот процент на деца е во југозападниот и југоисточниот регион. Исто така, разлики може да се најдат во однос на образованието на мајката (63 проценти за мајките со високо образование наспроти 8 проценти за мајките со основно или пониско образование); и во однос на етничкото потекло на главата на домаќинството (57 проценти за Македонците во споредба со 8 проценти за Албанците).

Табела CD.3: Материјали за учење

Процент на деца под 5-годишна возраст според број на детски книги кои се присутни во домаќинството, и играчки со кои може да си играат децата, Македонија, 2011

	Домаќинството за детето има:		Детето си игра со:			Два или повеќе типа на играчки[2]	Број на деца под 5-годишна возраст
	3 или повеќе детски книги[1]	10 или повеќе детски книги	Домашно изработени играчки	Играчки од продавница/ произведени	Предмети од домаќинството/ предмети од надвор		
Пол							
Машки	53.0	35.4	32.6	92.0	67.2	72.1	692
Женски	51.8	35.7	30.2	91.8	64.5	69.2	684
Регион							
Вардарски	59.3	43.9	12.5	94.5	68.0	67.6	100
Источен	55.5	41.0	41.1	95.3	83.0	85.7	110
Југозападен	66.1	34.6	47.6	87.3	66.9	68.0	121
Југоисточен	68.9	44.9	14.2	95.6	73.5	77.4	83
Пелагониски	55.9	41.7	47.6	89.5	71.2	76.5	156
Полошки	31.5	11.1	16.0	89.8	53.4	58.5	256
Североисточен	41.7	20.8	23.0	95.3	49.0	55.6	136
Скопски	57.7	48.0	38.2	91.9	70.2	77.1	415
Област							
Урбана	66.0	49.4	31.0	94.2	68.9	73.4	701
Рурална	38.3	21.1	31.8	89.4	62.8	67.8	675
Возраст							
0-23 месеци	32.0	18.7	22.3	82.3	49.6	53.7	541
24-59 месеци	65.6	46.4	37.3	98.0	76.4	81.7	835
Образование на мајката							
Основно или помалку	22.0	8.2	34.8	86.6	59.4	66.2	545
Средно	68.0	47.8	29.0	95.2	69.2	73.8	522
Високо	79.7	63.0	29.4	95.5	71.7	73.2	309
Индекс на квинтили на богатство							
Најсиромашен	18.4	5.0	35.6	85.2	65.8	70.4	316
Втор	39.6	20.2	35.9	91.5	63.0	69.7	272
Среден	56.0	32.0	31.4	91.9	59.7	66.7	255
Четврт	74.0	60.1	24.3	96.7	64.7	67.4	261
Најбогат	80.8	66.2	28.7	95.3	75.7	78.8	272
Етничко потекло на главата на домаќинството							
Македонско	75.4	57.4	29.3	95.8	74.8	77.6	708
Албанско	25.0	8.3	34.2	86.9	52.0	60.2	521
Друго	39.1	26.8	31.6	90.3	72.1	74.4	148
Вкупно	**52.4**	**35.5**	**31.4**	**91.9**	**65.9**	**70.7**	**1376**

[1] MICS индикатор 6.3

[2] MICS индикатор 6.4

Табелата CD.3 исто така покажува дека 71 проценти од децата на возраст од 0-59 месеци имале 2 или повеќе типови на играчки во нивните домови. Во рамки на истражувањето MICS, играчки подразбираат домашно изработени играчки (како што се кукли и колички, или други играчки направени дома), играчки купени од продавница, и предмети од домаќинството (како што се лонци и чинии) или предмети и материјали кои се најдени надвор од домот (како што се стапови, камења, школки или лисја). Интересно е да се забележи дека 92 проценти од децата си играат со играчки од продавница; меѓутоа, процентот за другите типови на играчки изнесува 31. Постојат мали разликите во однос на социоекономскиот статус на домаќинствата и помеѓу регионите.

Оставањето на децата сами или во присуство на други мали деца се знае дека го зголемува ризикот од несреќни случаи. Во истражувањето MICS, беа поставени две

прашања дали децата на возраст од 0-59 месеци биле оставани само во текот на седмицата пред интервјуто, односно дали децата биле оставани за нив да се грижат други деца под 10-годишна возраст.

Табелата CD.4 покажува дека 4 проценти од децата на возраст од 0-59 месеци биле оставани за нив да се грижат други деца, додека пак 3 проценти биле оставани сами во текот на седмицата пред интервјуто. Преку комбинирање на двата индикатори за грижа, пресметано е дека 5 проценти од децата биле оставани на несоодветна грижа во текот на една седмица пред истражувањето, или биле оставани сами или за нив се грижело друго дете. Не беа забележани разлики во однос на полот на детето. Од друга страна, несоодветната грижа е многу позастапена во руралните области (8 проценти) во споредба со урбаните области (2 проценти), кај децата чии мајки имаат средно образование (3 проценти), наспроти децата чии мајки имаа основно образование или се без образование (8 проценти). Мали се разликите во однос на регионите, додека пак значителни разлики се забележуваат во однос на социоекономскиот статус на домаќинството со најголема застапеност на несоодветна грижа во најсиромашните домаќинства (11 проценти) и најмала во најбогатите домаќинства (1 процент) и во однос на етничката припадност на главата на домаќинството, односно 2 проценти кај Македонците наспроти 9 проценти кај Албанците.

Табела CD.4: Несоодветна грижа

Процент на деца на возраст под 5 години кои се оставани сами или за нив да се грижи друго дете под 10-годишна возраст подолго од еден час најмалку еднаш во текот на изминатата седмица, Македонија, 2011

	Процент на деца под 5-годишна возраст			Број на деца под 5-годишна возраст 5
	Оставено само изминатата седмица	Оставено за него да се грижи друго дете под 10-годишна возраст во изминатата седмица	Оставено во несоодветна грижа изминатата седмица[1]	
Пол				
Машки	2.2	3.5	5.2	692
Женски	2.9	4.0	4.9	684
Регион				
Вардарски	.0	2.3	2.3	100
Источен	1.5	3.3	4.2	110
Југозападен	12.2	10.6	14.9	121
Југоисточен	.0	1.7	1.7	83
Пелагониски	4.9	6.0	8.8	156
Полошки	.7	2.7	3.2	256
Североисточен	4.5	1.1	5.6	136
Скопски	.7	3.2	3.2	415
Вардарски				
Урбана	1.2	1.6	2.4	701
Рурална	3.9	5.9	7.8	675
Возраст				
0-23 месеци	1.8	3.3	3.7	541
24-59 месеци	3.0	4.0	6.0	835
Образование на мајката				
Основно или помалку	3.2	5.9	7.9	545
Средно	1.3	1.9	2.7	522
Високо	3.4	3.0	3.9	309
Индекс на квинтили на богатство				
Најсиромашен	4.8	8.1	10.6	316
Втор	2.6	3.3	5.2	272
Среден	1.3	1.7	3.0	255
Четврт	3.0	4.2	4.2	261
Најбогат	.6	.6	1.2	272
Етничко потекло на главата на домаќинството				
Македонско	.5	1.3	1.8	708
Албанско	5.8	6.4	9.2	521
Друго	.8	6.0	6.0	148
Вкупно	**2.5**	**3.7**	**5.0**	**1376**

[1] MICS индикатор 6.5

Образование и учење во раното детство- Ромски населби

Само 4 проценти оддецата во ромските населби на возраст од 36-59 месеци посетуваат организирано образование во раното детство (Табела CD.1R).

Табела CD.1R: Образование во раното детство

Процент на деца на возраст од 36-59 месеци кои посетуваат организирани програми за рано образование, Ромски населби, 2011

	Процент на деца на возраст од 36-59 месеци кои моментално посетуваат програми за рано детско образование[1]	Број на деца на возраст од 36-59 месеци
Пол		
Машки	6.5	100
Женски	1.1	98
Возраст на детето		
36-47 месеци	5.3	92
48-59 месеци	2.6	105
Образование на мајката		
Нема	(1.2)	38
Основно	3.5	144
Средно +	(*)	16
Индекс на квинтили на богатство		
Најсиромашни 60%	3.3	135
Најбогати 40%	7.5	63
Вкупно	**3.9**	**198**

[1] MICS индикатор 6.7

( ) – Податоците се базираат на 25–49 непондерирани случаи.

(*) – Податоците се базираат на помалку од 25 непондерирани случаи

Нашироко е прифатено дека периодот на рапиден развој на мозокот се случува во првите 3-4 години од животот, и квалитетот на домашна грижа е главна одредница за детскиот развој во текот на овој период. Во овој контекст, ангажирањето на возрасните во активностите со децата, присуството на книги за децата во домот, и условите за грижа се важни индикатори за квалитетот на домашната грижа. Децата треба да бидат физички здрави, ментално агилни, емоционално сигурни и подготвени за учење.

Со истражувањето беа собрани информации за бројот на активности со кои се поддржува раното учење. Тука спаѓа вклученоста на возрасните во следните активности со децата: читање книги или разгледување сликовници, раскажување приказни, пеење песнички, прошетки за децата надвор од домот на игралишта, игри со децата, и поминување време со децата за учење на називи, броење, или цртање.

Кај две третини (62 проценти) од ромските деца на возраст од 36-59 месеци, возрасен член на домаќинството бил ангажиран во повеќе од четири активности со кои се промовира учењето и подготвеноста за училиште во текот на претходните 3 дена пред истражувањето (Табела CD.2R). Просечниот број на активности во кои возрасните биле ангажирани со децата изнесува четири. Табелата, исто така покажува дека вклученоста на таткото во една или повеќе активности била само 57 проценти. 10 проценти од децата живеат во домаќинства без нивниот татко.

Табела CD.2R: Поддршка за учење

Процент на деца на возраст од 36-59 месеци со кои возрасни членови на домаќинството биле ангажирани во активности со кои се промовира учењето и подготвеноста за на училиште во последните три дена, Ромски населби, 2011

	Процент на деца на возраст од 36-59 месеци		Среден број на активности		Процент на деца кои не живеат со нивниот биолошки татко	Број на деца на возраст од 36-59 месеци
	Со кои возрасен член на домаќинството бил ангажиран во четири или повеќе активности[1]	Со кои таткото бил ангажиран во една или повеќе активности[2]	Било кој возрасен член на домаќинството ангажиран со детето	Таткото ангажиран со детето		
Пол						
Машки	68.4	61.7	4.1	1.5	4.4	100
Женски	55.1	51.9	3.5	1.2	15.9	98
Возраст						
36-47 месеци	62.8	61.1	3.9	1.6	10.3	92
48-59 месеци	61.0	53.1	3.8	1.2	9.9	105
Образование на мајката						
Нема	(68.0)	(58.9)	(4.0)	(1.3)	(7.9)	38
Основно	58.1	56.8	3.6	1.3	11.8	144
Средно +	(*)	(*)	(*)	(*)	(*)	16
Образование на таткото						
Нема	(*)	(*)	(*)	(*)	(*)	27
Основно	61.2	64.1	3.7	1.6	.0	128
Средно +	(91.3)	(70.2)	(5.3)	(1.9)	(.0)	23
Не може да се определи	(*)	(*)	(*)	(*)	(*)	20
Индекс на квинтили на богатство						
Најсиромашни 60%	55.4	55.4	3.5	1.2	5.8	135
Најбогати 40%	70.1	58.2	4.3	1.5	7.5	63
Вкупно	**61.8**	**56.8**	**3.8**	**1.3**	**10.1**	**198**

[1] MICS индикатор 6.1

[2] MICS индикатор 6.2

( ) – Податоците се базираат на 25–49 непондерирани случаи.

(*) – Податоците се базираат на помалку од 25 непондерирани случаи

Изложеноста на детето на рана возраст на книги не само што му овозможува да стекне поголемо разбирање за разни печатени концепти туку исто така детето има можност да види други како читаат, како што се постарите браќа и сестри додека ги работат домашните задачи. Присуството на книги е важно за понатамошниот успех на училиште. Мајките/негувателите на сите деца под 5-годишна возраст беа запрашани за бројот на детски книги или сликовници кои тие ги имаат за детето, предмети во домаќинството или предмети од надвор, и домашно изработени играчки или купени играчки од продавница кои им се на располагање на децата дома.

Во Македонија, само 27 проценти од децата во ромските населби на возраст од 0-59 месеци живеат во домаќинства каде има најмалку три детски книги за детето (Табела CD.3R). Процентот на деца со 10 или повеќе книги опаѓа на 12 проценти. Присуството на детски книги е во позитивна корелација со возраста на детето; во домовите на 34 проценти од децата на возраст од 24-59 месеци, постојат 3 или повеќе детски книги, додека пак тоа изнесува 16 проценти за децата на возраст од 0-23 месеци.

Кога ќе се земат предвид децата за кои има по 10 или повеќе детски книги или сликовници, значајните разлики се во корелација со социо-економскиот статус, и тоа со највисоките 29 проценти кај најбогатите домаќинства и само 3 проценти кај најсиромашните домаќинства.

Табела CD.3R: Материјали за учење

Процент на деца под 5-годишна возраст според бројот на детски книги кои се присутни во домаќинството, и според предмети за играње за децата, Ромски населби, 2011

	Домаќинство има за детето:		Детето си игра со:				
	3 или повеќе детски книги[1]	10 или повеќе детски книги	Домашни изработени играчки	Играчки од продавница. произведени	Предмети од домаќинството/ предмети најдени надвор	Два или повеќе типа на играчки[2]	Број на деца под 5-годишна возраст
Пол							
Машки	29.4	12.6	37.2	83.0	56.2	59.6	237
Женски	24.8	10.6	36.5	87.5	62.7	64.6	239
Возраст							
0-23 месеци	15.5	7.9	28.8	78.1	43.0	46.6	178
24-59 месеци	34.0	13.8	41.7	89.5	69.3	71.4	298
Образование на мајката							
Нема	19.4	6.5	58.8	76.4	55.3	64.5	102
Основно	25.0	10.1	32.4	86.4	61.5	62.6	327
Средно +	(57.4)	(32.7)	(20.9)	(95.9)	(54.7)	(53.8)	48
Индекс на квинтили на богатство							
Најсиромашен	16.1	3.4	40.6	74.2	62.7	66.9	122
Втор	21.6	6.9	42.5	90.9	66.7	69.2	108
Среден	28.3	10.7	24.0	82.0	50.5	48.5	93
Четврт	29.5	15.7	45.0	92.6	56.4	65.3	79
Најбогат	49.5	28.8	29.7	91.4	58.3	57.3	73
Вкупно	**27.1**	**11.6**	**36.9**	**85.2**	**59.5**	**62.1**	**476**

[1] MICS индикатор 6.3

[2] MICS индикатор 6.4

( ) – Податоците се базираат на 25–49 непондерирани случаи.

Табелата CD.3R исто така покажува дека 62 проценти од децата на возраст од 0-59 месеци имале 2 или повеќе типови на предмети за играње во нивните домови. Играчките или предметите за играње во истражувањето MICS вклучуваат домашно изработени играчки (како што се кукли и колички, или други играчки изработени дома), играчки од продавница, и предмети од домаќинството (како што се лонци и чинии) или предмети и материјали кои се најдени надвор од домот (како што се стапови, камења, школки и лисја). Интересно е да се забележи дека 85 проценти од децата си играат со играчки од продавница; меѓутоа, процентот на другите видови играчки е 37. Процентот на деца кои имаат два или повеќе типови на предмети за играње изнесува 60 проценти за машките деца и 65 проценти за женските деца. Разликите се мали во однос на социоекономската положба на домаќинствата.

Оставањето на децата сами или во присуство на други деца под 10-годишна возраст се знае дека го зголемува ризикот од несреќни случаи. Во истражувањето MICS, беа поставени две прашања за да се открие дали децата на возраст од 0-59 месеци биле оставени сами во текот на претходната недела пред интервјуто, и дали децата биле оставени во грижа на други деца под 10-годишна возраст.

